Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 379, 15 декември 2025 година

декември 2025 година
Штип

## СОДРЖИНА

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ (3.03.01.07) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **15**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП** ........ **26**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ (6.02.02.01) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **35**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО БИОФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОКИНЕТИКА“ ОД РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р КАТАРИНА СМИЛКОВ, НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА АТАНАСОВА-ЛАЗАРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП** ........ **53**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПЕДАГОГИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА КАМЧЕВА-ПАНОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **57**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УЧЕБНИКОТ „ЕЛЕКТРОКАРДИОГРАФИЈА” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА-МИХАИЛОВА И НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р АЛЕКСАНДАР СЕРАФИМОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ШТИП** ........ **63**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **67**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **67**

**П Р И Г О В О Р**
**НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОПШТО МАШИНСТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ И МАШИНСКИ КОНСТРУКЦИИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП** ........ **68**

**О Д Г О В О Р**
**НА ПРИГОВОР (МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ)** ........ **75**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Сашо Коцески, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ НА ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2402-87/3 од 2.12.2025 година донесена на 122. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 1.12.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ликовна/визуелна уметност (6.04.00.01)* на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- д-р Валентина Стевановска, редовен професор на Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- м-р Ибрахим Беди, редовен професор на Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
- м-р Исмет Рамиќевиќ, редовен професор на Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 18.11.2025 година и во предвидениот рок се пријави д-р Слободан Милошески, вонреден професор на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Слободан Милошески** е роден во 1977 година во Охрид. Основно и средно образование завршува во Кичево. Во 2001 година го завршува Факултетот за физичка култура при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 година го завршува Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек Вајарство, со просек 9,84 и се стекнува со звање дипломиран вајар со графички дизајн. Во текот на студиите се стекнува и со дипломата - Најдобар студент на Вајарски оддел за 2008 година. На истиот факултет Милошески го продолжува своето образование на постдипломски студии, каде што во 2011 година магистрира на тема „Варијабилна артикулација“, под менторство на проф. м-р Ибрахим Беди, со просек 9,88, со што се стекнува со научен степен магистер по ликовни уметности од областа на вајарството. Неговите докторски студии ги продолжува на Националната уметничка академија во Софија, каде што во 2018 година на тема „Кинетичките скулптури на Александар Калдер – теоретски и формално-пластични проблеми“, под менторство на доц. д-р Стефан Хаџиев, докторира со просек 10,00, со што се здобива со научен степен доктор на науки по ликовна уметност од област на скулптура.

Од 2013 до 2015 година кандидатот е ангажиран како надворешен предавач за предметите Вајање и технологија на Одделот за уметност, на

Интернационалниот универзитет во Нови Пазар, Р. Србија. Во 2016 година е избран за насловен доцент од наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Во 2017 година е избран за доцент од наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Во 2021 година е избран за вонреден професор од наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Од септември 2025 година кандидатот д-р Слободан Милошески ја извршува функцијата декан на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Кандидатот е автор на рецензираната скрипта „Основи на вајарството“ и учебник „Основи на вајарството“ објавени во електронската библиотека на Универзитетот, наменети за студентите во осми семестар на студиската програма Класично сликарство.

Милошески по дипломирањето активно работи на монументална скулптура и скулптури во галериски формат. Учествувал на 28 (дваесет и осум) домашни и меѓународни уметнички колонии, симпозиуми и претставувања во Србија, Романија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија, Јапонија и РС Македонија. Реализирал 35 (триесет и пет) самостојни изложби и учествувал на 117 (сто и седумнаесет) групни изложби во земјава и во странство. Автор е на 17 (седумнаесет) поставени монументални скулптури во РС Македонија.

Добитник е на 18 (осумнаесет) награди од кои посебно се издвојуваат:

- 2012 г. - Награда за скулптура „Јордан Грабул“, доделена од ДЛУМ – Скопје, РС Македонија;
- 2014 г. - Награда за мал формат од ДЛУМ – Скопје, РС Македонија;
- 2014 г. - Награда за скулптура „Јордан Грабул“, доделена од ДЛУМ – Скопје, РС Македонија;
- 2020 г. - Награда за скулптура, доделена на годишна изложба на ДЛУМ – Скопје, РС Македонија;
- 2021 г. - Награда за современа скулптура „Боро Митриќески“ – Скопје, РС Македонија;
- 2021 г. - Награда „Адем Кастрати“, доделена од КИЦ – Скопје, РС Македонија.

Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија и Здружение на копаничари на Македонија.

**Општи услови за избор:**

***Просечен успех***

Кандидатот има остварено просек 9,84 на прв циклус студии, 9,88 на втор циклус студии и 10,00 на трет циклус студии.

***Научен степен - магистер, доктор на науки од научната област за која се избира***

Слободан Милошески во 2011 година магистрира на Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на тема „Варијабилна артикулација“, под менторство на проф. м-р Ибрахим Беди, со што се стекнува со научен степен магистер по ликовни уметности од областа на вајарството. Во 2018 година докторира на Националната уметничка

академија во Софија, на тема „Кинетичките скулптури на Александар Калдер – теоретски и формално-пластични проблеми“, под менторство на доц. д-р Стефан Хаџиев и се здобива со научен степен доктор на науки по ликовна уметност, од областа на скулптура.

***Претходен избор во звање***

Со Одлука бр. 2402-37/4 од 10.2.2021 г., кандидатот д-р Слободан Милошески бил избран за вонреден професор во наставно-научната област вајарство и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава***

Кандидатот е автор на повеќе признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава. Во прилог ги набројуваме најзначајните такви дела и претставувања од последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на делото/изложбата | Место на претставување | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Слободан Милошески | „Проткаени сеќавања“ (самостојна изложба) | КИЦ на РСМ во Софија, Бугарија | 2021 |
| 2 | Слободан Милошески | „Поврзување на две култури преку визуелната уметност“ (самостојна изложба) | Галерија „Препород“, Сараево, БиХ | 2021 |
| 3 | Слободан Милошески | Прва меѓународна биенална изложба на визуелни уметности (групна изложба) | Универзитет „Бандирма Онједи Ејлул“, Турција | 2021 |
| 4 | Слободан Милошески | „Трансценденција“ (самостојна изложба) | КИЦ, Скопје, РС Македонија | 2021 |
| 5 | Слободан Милошески | Биста на Мите Костов Папули (Монументална скулптура) | Кисела Вода, Скопје, РС Македонија | 2022 |
| 6 | Слободан Милошески | „Пресоздавање“ (самостојна изложба) | Галерија Безистен, Штип, РС Македонија | 2022 |
| 7 | Слободан Милошески | „Самоспознавање“ (самостојна изложба) | КИЦ на РСМ во Загреб, Хрватска | 2022 |
| 8 | Слободан Милошески | „Трепет“ (самостојна изложба) | Галерија „SpiritLab Space“, Окенхајм, Германија | 2023 |
| 9 | Слободан Милошески | „Секвенци од рефлексијата“ (самостојна изложба) | МКЦ, Скопје, РС Македонија | 2023 |
| 10 | Слободан Милошески | „Фрагментирана интроспекција“ (самостојна изложба) | Музеј на град Неготино, РС Македонија | 2023 |
| 11 | Слободан Милошески | „Од Балканот до Анадолија“ (групна изложба) | Универзитет Кастамону, Турција | 2024 |
| 12 | Слободан Милошески | „Одблесоци“ (самостојна изложба) | Галерија „Friedrich7“, Дортмунд, Германија | 2024 |
| 13 | Слободан Милошески | „Секвенци на рефлексија“ (монументална скулптура) | МКЦ, Скопје, РС Македонија | 2024 |
| 14 | Слободан Милошески | Биста на Цветан Димов (монументална скулптура) | Кисела Вода, Скопје, РС Македонија | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Слободан Милошески | „Реконфигурација“, (самостојна изложба) | Галерија Амам, Гевгелија, РС Македонија; | 2025 |
| 16 | Слободан Милошески | „Секвенци од рефлексијата“ (самостојна изложба) | Нишки културен центар, Ниш, Србија | 2025 |
| 17 | Слободан Милошески | Експериментален цртеж (групна изложба) | Галерија „U Radnice“, Табор, Чешка | 2025 |

***Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик***

Кандидатот д-р Слободан Милошески активно го познава говорниот и пишаниот англиски јазик со постигнато Б2 ниво, за што има приложено соодветна потврда.

***Способност за изведување на високообразовна дејност***

Имајќи ги предвид неговите уметнички и стручни достигнувања и од практичен и од теоретски аспект, како и неговите досегашни залагања и ангажмани во областа на високото образование, може да се заклучи дека кандидатот покажува исклучителна способност за изведување на високообразовна дејност. Во текот на ангажманот во високото образование, кандидатот ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование – активна вклученост во изведување настава (предавања и вежби), објавување на учебни помагала и учебници, објавување уметнички и стручни трудови, како и учество во организациските активности на Ликовната академија при УГД. Кандидатот во последните пет години бил член или претседател на комисии за спроведување на јавна одбрана на тринаесет дипломски труда и член на Комисија за одбрана на еден магистерски труд. Тој се јавува како ментор на два дипломски труда на студентите од студиската програма Вајарство:

- Ментор на дипломскиот труд на Спирче Јанкоски на тема „Пресоздавање на дрвото“, со Одлука бр.2403-61/1 од 3.10.2023 год.;
- Ментор на дипломскиот труд на Ивица Мрчковиќ на тема „Од легура до форма“, со Одлука бр.2403-64/1 од 9.10.2024 год.

**Посебни услови:**

***Успешно дејствување во соодветната област на уметноста***

- Д-р Слободан Милошески со години наназад успешно дејствува во областа на ликовната уметност, оставајќи значаен творечки печат на домашната и на меѓународната ликовна сцена. Неговата богата и континуирана уметничка активност е потврдена преку бројните самостојни и групни изложби, монументални дела, како и учествата на ликовни колонии и симпозиуми, кои се детално наведени на соодветното место во овој извештај.

Дополнително, како потврда за неговиот успех и признание во професионалната заедница, кандидатот во последните пет години е добитник на четири (4) награди:

**2021** - Награда за современа скулптура „Боро Митриќески“, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36869

**2021** - Награда „Адем Кастрати“ доделена од КИЦ, Скопје, РС Македонија; https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36870

**2023** – Прва награда на Конкурс за избор на идејно решение за биста на Мите Костов Папули, Кисела Вода, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33529

**2025** - Прва награда на Конкурс за избор на идејно решение за биста на Цветан Димов, Кисела Вода, Скопје, РС Македонија.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36868

Кандидатот, како што веќе споменавме, својата уметничка и научноистражувачка работа ја има презентирано на повеќе ликовни колонии и симпозиуми во земјава и во странство. Значајни такви претставувања во последните пет години се следниве:

**2021** - Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2021“, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29150

**2022** - Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2022“, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31113

**2023** - Интернационална ликовна колонија „Арт симпозиум Јахорина“, Пале, Босна и Херцеговина;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33005

**2023** - Интернационален симпозиум „Пампорово 2023“, Пампорово, Бугарија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32992

**2024** - Интернационална ликовна колонија „Арт симпозиум Јахорина“, Пале, Босна и Херцеговина;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34762

**2024** - Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2024“, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34758

**2024** - Вајарска колонија „Моклиште 2024“, Кавадарци, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35350

**2025** - Уметничка резиденција, Институт за уметност, Отавара, Јапонија.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36844

**2025** - Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2025“, НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп, РС Македонија.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36846

***Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници***

Кандидатот д-р Слободан Милошески за времетраење на работниот ангажман на Ликовната академија континуирано дава придонес во оспособување на помлади наставници и соработници. Во соработка со наставничкиот кадар од Ликовната академија учествувал во реализација на уметнички проекти, презентации и изложби.

***Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД***

Во периодот од последниот избор кандидатот д-р Слободан Милошески за потребите на наставата на Ликовната академија во Штип има издадено позитивно рецензиран учебник:

**2025** - Милошески, Слободан, Основи на вајарството, УГД - Штип. ISBN 978-608-277-113-7 http://e-lib.ugd.edu.mk/1240

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност:**

Кандидатот д-р Слободан Милошески е вклучен во високообразовниот процес во континуитет од 12 години. Од 2013 до 2015 година е ангажиран како надворешен предавач за предметите Вајање и Технологија на вајарство на Одделот за уметност, Интернационален универзитет во Нови Пазар, Србија. Во 2016 година е избран во звање насловен доцент на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, врз основа на Одлуката од Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија (Одлука бр.2402- 54/4 од 16.3.2016 г.). Во 2016 година е избран во звање насловен доцент на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип врз основа на Одлуката од Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија (Одлука бр. 2402- 57/4 од 8.5.2017 г.). Кандидатот во 2021 година е избран во звање вонреден професор на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип врз основа на Одлуката од Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија (Одлука бр. 2402-37/4 од 11.2.2021 г.)

Кандидатот во текот на работниот ангажман на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип активно учествува во реализацијата на наставата за прв и втор циклус студии, како и на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки. Во периодот од 2016 до 2025 година бил ангажиран за следниве предмети од прв циклус на студиската програма Вајарство на Ликовна академија: Класично вајање 1, 2, 3, 4, 5, 6; Вајање 7 и 8; Класични вајарски технологии 1, 2, 3, 4; Вајарска анатомија 1, 2, 3, 4; Теорија на ликовни уметности. Во периодот од 2019 до 2025 год. бил ангажиран за следниве предмети од прв циклус на студиската програма Класично сликарство на Ликовната академија: Вајање; Керамика; Цртање 1, 2, 3, 5, 6, 7. Во периодот од 2023 до 2025 година бил ангажиран за следниве предмети од втор циклус на студиската програма Сликарство на Ликовната академија: Експериментален цртеж 1 и 2. Во истиот период бил ангажиран за предметот Моделирање, од прв циклус студии на студиската програма Дизајн на ентериер и мебел на Факултетот за природни и технички науки.

Кандидатот д-р Слободан Милошески покажал особена способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност – преку теоретски предавања, практични вежби, изведување ликовна практика, екстракурикуларни активности и интердисциплинарност во менторските проекти со студентите.

Кандидатот д-р Слободан Милошески во својата творечка кариера имал 35 самостојни изложби од кои 14 во последните 5 години. Има учествувано на 117 групни изложби во земјава и во странство, од кои 38 во последните 5 години. Учествувал на многу колонии и симпозиуми во земјава и во странство, од кои 9 само во последните пет години. Во 2025 година остварил студиски престој во Институтот за уметност и култура во Отовара, Јапонија. Во последните 5 години добитник е на 4 награди и признанија.

Подолу ги разгледуваме творечките и изложбени активности на кандидатот од последниот избор до денес:

*Самостојни изложби:*

**2021** - „Проткаени сеќавања", КИЦ на РСМ во Софија, Бугарија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29133

**2021** - „Интерактивни рефлексии", Ликовен салон на ДЛУБ, Битола, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29139

**2021** - „Поврзување на две култури преку визуелната уметност", Галерија „Препород", Сараево, БиХ;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29141

**2021** - „Трансценденција", КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29140

**2022** - „Пресоздавање", Галерија Безистен, Штип, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30979

**2022** - „Самоспознавање", КИЦ на РСМ во Загреб, Хрватска;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30945

**2023** - „Трепет", Галерија „SpiritLab Space", Окенхајм, Германија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32956

**2023** - „Структурна трансформација", Галерија и Музеј Кавадарци, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33448

**2023** - „Секвенци од рефлексијата", МКЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32962

**2024** - „Фрагментирана интроспекција", Музеј на град Неготино, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34738

**2024** - „Одблесоци", Галерија „Friedrich7", Дортмунд, Германија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34739

**2025** - „Рефлексивна привлечност", НУЦК „Марко Цепенков, Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36850

**2025** - „Реконфигурација", Галерија Амам, Гевгелија, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36851

**2025** - „Секвенци од рефлексијата", Нишки културен центар, Ниш, Србија.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36852

*Групни изложби и претставувања:*

**2021** – Прва меѓународна биенална изложба на визуелни уметности, Универзитет „Бандирма Онједи Ејлул", Бандирма, Турција;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29144

**2021** - Меѓународна изложба „Пандемиски инспирации", Факултет за ликовни уметности при Универзитетот Тракија, Турција;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29174

**2021** - Културното наследство низ призмата на ликовната дејност, НУ Завод и Музеј – Штип, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29177

**2021** - Изложба на дела од Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2021", НУ „Марко Цепенков" - Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29151

**2021** - Современа скулптура, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29143

**2021** - 75 години ДЛУМ, Јубилејна изложба, Чифте амам и Мала станица, Скопје;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29184

**2021** - Мал формат 2021, КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29179

**2021** - Минијатура 2021, КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29182

**2022** - Зимски салон, Чифте амам, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31111

**2022** - Изложба на дела од Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2022", НУ „Марко Цепенков" - Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31125

**2022** - Современа скулптура, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31085

**2022** - ДЛУМ-Годишна изложба, Мала станица, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31160

**2022** - Мал Формат, КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31128

**2023** - Експериментален цртеж, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32977

**2023** - Професори и студенти, МКЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32967

**2023** - Современа скулптура, Уметнички центар Арт Хуб, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32988

**2023** - Експериментален цртеж и експериментална поезија, Културен центар „Виланов", Варшава, Полска;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33549

**2023** - ДЛУМ-Годишна изложба, Мала станица, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32983

**2023** - Мал формат, КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33045

**2024** - Изложба на дела од „Арт симпозиум Јахорина 19", „Нови храм", Сараево, БиХ;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34743

**2024** - Зимски салон, ДЛУМ, Чифте амам, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36871

**2024** - Боите на Св. Трифун , Локален музеј – Галерија, Кавадарци, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35658

**2024** -„Од Балканот до Анадолија", Универзитет Кастамону, Турција;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34740

**2024** - Експериментален цртеж, Куќа на Борко Лазески, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35662
**2024** - Професори и студенти II, МКЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34755
**2024** - Современа скулптура, КОРА, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35569
**2024** - Изложба на дела од Меѓународна ликовна колонија „Дрен 2024", НУ „Марко Цепенков" - Прилеп, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36854
**2024** – Мал формат, КИЦ, Скопје, Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35567
**2024** - Минијатура, КИЦ, Скопје, Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35568
**2024** - ДЛУМ-Годишна изложба, Мала станица, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35657
**2025** - Боите на св. Трифун, Локален музеј – Галерија, Кавадарци, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36855
**2025** - „Стоп на теророт, да не се повтори", Музеј на Град Скопје, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36857
**2025** - Професори и студенти III, МКЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36332
**2025** - Експериментален цртеж, Мала станица, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36858
**2025** - Експериментален цртеж, КИЦ на РС Македонија во Софија, Бугарија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36859
**2025** - Современа скулптура, Музеј на Град Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=User::View&userid=471
**2025** - Мал формат, КИЦ, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36866
**2025** - Експериментален цртеж, Галерија „U Radnice", Табор, Чешка.
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36867

*Монументално ликовно дело:*
**2022** – Биста на д-р Владимир Полежиноски, ОУ „Д-р Владимир Полежиноски" - Кичево, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36848
**2022** – Биста на Мите Костов Папули, Кисела Вода, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33530
**2024** - Скулптура „Секвенци на рефлексија", Младински културен центар, Скопје, РС Македонија;
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35293
**2025** – Биста на Цветан Димов, Кисела Вода, Скопје, РС Македонија
https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36849

*Студиски престој во странство:*

**2025** - Уметничка резиденција, Институт за уметност и култура, Отавара, Јапонија.

https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36844

Врз основа на приложената документација за горенаведените изложби, претставувања и творечки активности, можеме да заклучиме дека станува збор за автор кој има сериозни достигнувања во својата област и од аспект на наставно- педагошка, како и од аспект на уметничката дејност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

*Книга/учебник:*

**2025** - Милошески, Слободан, Основи на вајарството, УГД Штип. ISBN 978-608-277-113-7 http://e-lib.ugd.edu.mk/1240

*Член на универзитетски или владини тела:*

Со Одлука бр. 2402-57/7 од 22.9.2022 г. Кандидатот д-р Слободан Милошески е именуван за член на Универзитетски сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во период од 2022 до 2025 г.

*Декан:*

Со Одлука бр. 0201-543/14 од 9.7.2025 г. на кандидатот д-р Слободан Милошески му се потврдува изборот за декан на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Оваа функција кандидатот ја извршува заклучно од 15 септември 2025 г.

*Член на факултетски орган, комисија:*

2021 - Со Одлука бр. 2402-58/6 од 30.8.2021 г. кандидатот е поставен за член на Комисија за самоевалуација на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

2022 - Со Одлука бр. 2402-54/7 од 22.8.2022 г. кандидатот е поставен за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии, во студиската 2022/2023 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Вајарство;

2023 – Со Одлука бр.: 2402-43/3 од 2.3.2023 г. кандидатот е поставен за член на Рецензентска комисија по Конкурс за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

2023 - Со Одлука бр. 2402-56/5 од 29.6.2023 г. кандидатот е поставен за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии, во студиската 2023/2024 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Вајарство;

2023 - Со Одлука бр. 2402-59/5 од 29.9.2023 г. кандидатот е поставен за член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус студии, во студиската 2023/2024 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Сликарство;

2024 - Со Одлука бр. 2402-60/5 од 13.6.2024 г. кандидатот е поставен за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски

(академски) студии, во студиската 2024/2025 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Вајарство;

2024 - Со Одлука бр. 2402-37/4 од 8.2.2024 г. кандидатот е поставен за член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус студии, во студиската 2024/2025 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Сликарство;

2025 - Со Одлука бр. 2402-60/5 од 13.6.2025 г. кандидатот е поставен за претседател на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на прв циклус универзитетски (академски) студии, во студиската 2025/2026 г. на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за студиска програма Вајарство.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која беше доставена од страна на кандидатот д-р Слободан Милошески. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатот се истакнува со опсежна и континуирана стручна, уметничка и научна активност. Неговиот обемен творечки опус, бројните самостојни и групни изложби, учествата на значајни меѓународни симпозиуми, како и објавените трудови, претставуваат силен показател за неговата утврдена уметничка и научна компетентност. Особено значајни се неговите авторски претставувања надвор од државата, кои претставуваат дополнителна потврда за квалитетот, релевантноста и видливоста на неговиот уметнички ангажман. Покрај тоа, кандидатот остварува висококвалитетна педагошка дејност на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Тој успешно ја реализира наставата, активно учествува во академските процеси и придонесува кон развојот на академската средина. Неговото учество во бројни комисии и организациски тела говори за неговата заложба и придонес во институционалниот развој на Ликовната академија и Универзитетот.

Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија со искрено задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот **д-р Слободан Милошески да биде избран во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научната област ликовна/визуелна уметност на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип** и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на кандидатот во наведеното звање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Валентина Стевановска, редовен професор, претседател, с.р.
М-р Ибрахим Беди, редовен професор, член, с.р.
М-р Исмет Рамиќевиќ, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 31 | 31x3=93 | 7 | 7x6=42 | 135 |
| 22 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 4 | 4x5=20 | / | / | 20 |
| 23 | Студиски престој во странство | / | / | 1 | 1x8=8 | 8 |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 8 | 8x6=48 | 6 | 6x10=60 | 108 |
| 27 | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | 5 | 5x3=15 | 3 | 3x6=18 | 33 |
| 28 | Монументално ликовно дело | 4 | 4x10=40 | / | / | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **344** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник | 1 | 1x10=10 | / | / | **10** |
| 23 | Декан | 1 | 1x12=12 | / | / | **12** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 1x5=5 | / | / | **5** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 8 | 8x2=16 | / | / | **16** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **43** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **427** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ (3.03.01.07) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-282/12 од 1.12.2025 година донесена на 349. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 1.12.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научна област *здравствен менаџмент (3.03.01.07)* на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

– проф. д-р Марјан Цепароски, насловен вонреден професор за наставно-научна област здравствен менаџмент, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
– доц. д-р Стефан Арсов, доцент за наставно-научна област епидемиологија со здравствена статистика и информатика, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
– проф. д-р Валентина Симоновска, вонреден професор за наставно-научната област социјална медицина, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 12.7.2025 година. Во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Сашо Стефаноски, доктор на науки по здравствен менаџмент и специјалист по орална хирургија.

Кандидатот ги има доставено сите документи кои се бараат согласно со објавениот Конкурс, односно:
– Диплома за завршено соодветно образование/ научен степен доктор на науки од научната област за која се избира (еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар);
– Диплома за завршени прв и втор циклус интегрирани студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
– Уверение за положен испити на прв и втор циклус интегрирани студии (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
– Уверение за положен специјалистички испит по орална хирургија (оригинал на увид и копија заверена на нотар);
– Сертификат за познавање на англиски јазик (Б2 ниво);
– Препораки од двајца редовни професори од соодветната научна област;
– Уверение за државјанство (оригинал) не постаро од 6 месеци;
– Кратка биографија;
– Список со објавени научни и стручни трудови (со примерок);
– Еден примерок од докторски (оригинал, тврда копија) и специјалистички труд (оригинал);
– Останати сертификати, потврди и документи.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Сашо Стефаноски** е роден на 29.9.1982 година во Охрид. Своето основно и средно образование го завршува во родниот град, со континуиран одличен успех. Од учебната 2002/2003 година ги започнува своите додипломски студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира во 2007 година, стекнувајќи се со академското звање доктор по стоматологија, со просечен успех 8,60 и освоени 360 ЕКТС.

Во 2007 година го положил стручниот испит пред Испитната комисија на Стоматолошката комора на Македонија, а во 2011 година пред Испитната комисија на Стоматолошкиот факултет полагал специјалистички испит по специјалноста орална хирургија и се стекнал со звање специјалист по орална хирургија.

Во академската 2018/2019 година се запишува на докторски студии на студиската програма Здравствен менаџмент на Универзитетот за мир основан од Обединетите нации - ЕЦПД регионален институт за развојни студии - Скопје и ги завршил со просечен успех 10,00. Докторирал во 2024 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Предизвици на проектите за јавно-приватно партнерство во здравствениот систем на Република Северна Македонија“, стекнувајќи се со титулата доктор на науки по здравствен менаџмент.

Почнувајќи од јули 2007 година, кандидатот д-р Сашо Стефаноски е вработен како доктор по стоматологија на Клиниката за орална хирургија при Универзитетски клинички центар „Св. Пантелејмон“ - Скопје. Од септември 2011 г. е на работно место државен секретар за локална самоуправа, каде што работи како именуван функционер. Од март 2013 година работи како државен секретар во Министерството за одбрана. Во март 2015 година до август 2017 година е назначен за директор на Фонд за здравствено осигурување на Македонија.

Во текот на својот професионален и стручен развој д-р Сашо Стефаноски има финализирано повеќе обуки и едукации.

Како резултат на неговата досегашна научноистражувачка работа, има објавено 7 научни трудови и истите ги презентира на домашни и на меѓународни научни конференции.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

Кандидатот д-р Сашо Стефаноски ги исполнува сите општи и посебни

услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на насловен доцент, покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

- Ги завршил студиите по стоматологија од прв и од втор циклус на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечен успех 8,60 на прв циклус студии и освоени 300 ЕКТС, по што се стекнува со звање д-р по стоматологија и просечен успех 10,00 на втор циклус студии, по што се стекнува со звање магистер на стоматолошки науки и освоени 360 ЕКТС;
- Во 2024 година ја одбранил својата докторската дисертација со наслов „Предизвици на проектите за јавно-приватно партнерство во здравствениот систем на Република Северна Македонија“, при што се стекнува со научен степен доктор на науки по здравствен менаџмент;
- Кандидатот д-р Сашо Стефаноски има објавено најмалку четири научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години;

**Објавени научноистражувачки трудови во референтна научна публикација - научно списание**

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Наслов на списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Sasho Stefanoski** | Financing methods of Health system and allocation financial resources to healthcare entities in Republic of North Macedonia | LIMES plus (2023), (1), 161-180. | 2020 |
| 2. | **Sasho Stefanoski**, Tanja Stefanoska | Managing quality in health care: process of accreditation in Healthcare institutions in Republic of North Macedonia | MEDIS– International Journal of Medical Sciences and Research (2022), 1(4), 45-49. | 2020 |
| 3. | Serafimovska, Tijana and Tonic Ribarska, Jamina and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and Keskoski, Zlatko and **Stefanoski, Sasho** and Darkovska-Serafimovska, Marija and Gjorgeska, Biljana | Synergistic effects of terpenes and cannabinoids evaluated through antimicrobial activity | Macedonian Pharmaveutical Bulletin (2022), 68 (1). pp. 197-198. ISSN 1409-8695 | 2001 |
| 4. | Rusevska, Tatjana and Micev, Aleksandar and Malezi, Ema and Mladenovska R, Mirela and Rusevski, Rade and Darkovska-Serafimovska, Marija and Serafimovska, Tijana and Rusevski, Aleksandar and **Stefanoski, Sasho** and Keskoski, Zlatko | Terpene profiles of different Cannabis plant varieties, cultivated in NYSK Holdings, Skopje | Macedonian Pharmaceutical Bulletin(2022), 68 (2). pp. 105-106. ISSN 1409-8695 | 2001 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | Serafimovska,Tijana and Darkovska-Serafimovska, Marija and Mitevska, Marija and **Stefanoski, Sasho** and Keskovski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina | Determination of Terpenoid Profile in Dry Cannabis Flowers and Extracts Obtained from Different Cannabis Varieties | Journal of Pharmaceutical Research International. (2021) ISSN 2456-9119 NAAS score (2020): 5.51 | 2011 |
| **6.** | Serafimovska, Tijana and **Stefanoski, Sasho** and Erler, Joachim and Keskoski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and Darkovska-Serafimovska, Marija and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina | Does Cannabis Extract Obtained From Cannabis Flowers With Maximum Allowed Residual Level of Aflatoxins and Ochratoxin A Have an Impact on Human Safety and Health? | Frontiers in Medicine (2021) IF = 5.9 | 2007 |

– Кандидатот има активно познавање на англискиот јазик според приложената документација. Исто така, активно се служи и со српски и со хрватски јазик.

**Посебни услови за избор:**

– Постигнувањата во научноистражувачката работа кандидатот ги манифестира во текот на докторските студии, при изработката на докторската дисертација, објавените и презентирани трудови;

– Кандидатот приложи две препораки од професори од соодветните области;

– Има повеќе од 15 години работно искуство по завршувањето на студиите по стоматологија;

– Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019), член 10 став 2 и член 14 став 2, нема рецензирана скрипта и практикум;

– Кандидатот ги исполнува општите и посебните услови за избор.

**Научноистражувачка дејност**

Својата научноистражувачка дејност, д-р Сашо Стефаноски ја започнува со запишувањето на докторските студии во 2018 година на Универзитетот за мир основан од Обединетите нации - ЕЦПД регионален институт за развојни студии - Скопје. Во периодот од неговото запишување на докторски студии па се до денес, тој реализира голем број на активности.

Кандидатот е во редовен работен однос како извршен директор на НЈСК Холдингс Скопје, Република Северна Македонија.

Кандидатот д-р Сашо Стефаноски за време на докторските студии и неговото работење во НЈСК Холдингс Скопје учествува на голем број обуки, школи, конференции и симпозиуми.

Во рамки на докторската дисертација со наслов „Предизвици на проектите за јавно-приватно партнерство во здравствениот систем на Република Северна Македонија“ се проучувани моделите на јавно приватно партнерство, со посебен фокус во делот на дијализа и дијализните центри, а

во исто време споредувајќи ги моделите во Република Северна Македонија со позитивните пракси во останатите земји од Европа. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е фокусирана на предизвиците на проектите за јавно приватно партнерство кои ги носат со себе во делот на законодавната власт и уредувањето на моделот на учество на државата и приватниот сектор – партнер во успешна реализација на вакви проекти. Оваа докторска дисертација претставува значаен научен придонес во полето на здравствениот менаџмент, а воедно претставува одговор на сè поактуелните и погласните барања за склучување на ваков тип на јавно приватни партнерства кои ќе стимулираат дополнителен развој на здравствената дејност. На овој начин е задоволен критериумот резултатите од научните истражувања да даваат можност за практична примена.

Резултатите од испитувањата опфатени во оваа дисертација се оригинални и даваат придонес во полето на здравствениот менаџмент и потенцијалите кои произлегуваат од ваквиот начин на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор. При изработката на трудот, обработени се голем број литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Добиените резултати од овој труд се очекува да имаат значаен научен придонес во ова поле, а можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.

За квалитетот на докторската дисертација укажуваат и објавените научни трудови во меѓународни научни списанија.

Од почетокот на неговата научноистражувачка дејност, кандидатот има објавено повеќе научни и стручни публикации, а согласно со Законот за високо образование во последните пет години д-р Сашо Стефаноски има објавено шест труда во референтни и меѓународни научни списанија:

1. Stefanoski, S. (2023). Financing methods of health system and allocation financial resources to Healthcare entities in Republic of North Macedonia. *LIMESplus*, (1), 161-180.

Оваа истражувањето е фокусирано на здравствениот систем во Република Северна Македонија, кој е комплексен систем поставен и структуриран како во повеќето земји од поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Здравствените активности се извршуваат на примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита. Мрежата на примарно и секундарно ниво на здравствена заштита е поделена на посебни географски области, кои можат да опфатат една или повеќе општини. Терцијарното здравство вклучува специјализирани третмани за случаи дијагностицирани и упатени од примарно и секундарно ниво на здравствена заштита кои не можеле да се лекуваат во институциите на тие нивоа. Системот за финансирање на здравствената заштита е од клучно значење за функционирањето на здравствениот систем. Проблемот со финансирањето што се јавува е поврзан со зголемениот раст на расходите за здравствена заштита, додека изворите на финансирање остануваат ограничени. Финансиските средства за здравствените активности се обезбедуваат од буџетот на Фондот за здравствено осигурување. Општо земено, здравствената заштита во РСМ има стабилен систем на финансирање, но главниот проблем е неефикасната организација и управување, преголемите

институции во однос на персоналот и инфраструктурата. Од 2009 година, со воведувањето на системот за дијагностички поврзани групи, финансирањето на болниците се повеќе се поврзува со резултатите на болниците, што довело до голем финансиски дефицит во болниците, бидејќи тие обезбедуваат повеќе услуги отколку што добиваат средства за нив. Единствениот позитивен факт е што буџетот предвиден за здравствена заштита се зголемува секоја година.

2. Stefanoski, S., & Stefanoska, T. (2022). Managing quality in health care: process of accreditation in healthcare institutions in Republic of North Macedonia. MEDIS– International Journal of Medical Sciences and Research, 1(4), 45-49.

Овој научен труд прикажува резултати од објективни, мерливи и засновани на докази стандарди и индикатори за проценка на квалитетот на здравствена заштита. Квалитетот на здравствената заштита е систем на мерки и активности кои, во согласност со современите достигнувања на медицинската, стоматолошката и фармацевтската наука и пракса, како и знаењата и вештините на здравствените работници, ги зголемуваат можностите за најповолен исход од медицинскиот третман и намалување на ризикот од негативни ефекти врз здравјето и благосостојбата на поединецот и заедницата. Подобрувањето на квалитетот и безбедноста на пациентите е составен дел од секојдневните активности на здравствените работници, давателите на здравствени услуги и сите засегнати страни во здравствениот систем. Акредитацијата е најстариот и најраспространет независен механизам за надворешна евалуација на квалитетот на работата на здравствените установи. Општото разбирање на акредитацијата на здравствените установи се дефинира како постапка за проценка на квалитетот на работата на здравствената установа, врз основа на примената на оптималното ниво на утврдените стандарди за работа на здравствената установа во одредена област на здравствената заштита. Како одговор на овие предизвици, развиени се неколку пристапи, активности, мерки и програми за подобрување на квалитетот на здравствената заштита. Во Република Северна Македонија, квалитетот на здравствената заштита е препознаен како една од најважните карактеристики на здравствениот систем, како во државниот сектор, така и во приватниот сектор. Континуираното подобрување на квалитетот на работата и безбедноста на пациентите се составен дел од секојдневните активности на здравствените работници и сите други вработени во здравствениот систем. Од формален аспект, акредитацијата во РСМ е задолжителна и се врши на барање на здравствена установа од страна на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи во РСМ. Процесот на акредитација вклучува пет карактеристични фази: 1. Подготовка на здравствената установа 2. Самоевалуација 3. Евалуација од страна на надворешни евалуатори на приспособувањето на работата на установата кон стандардите за акредитација 4. Подготовка на конечниот извештај и одлуката за доделување акредитација од страна на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи 5. Континуирана евалуација и следење на извршувањето на планот за подобрување на квалитетот. Подобрувањето на здравствената заштита се базира на вредностите што се вградени во концептот за квалитет на работата и следната усвоена секојдневна практика на здравствените установи: ориентација кон пациентот, безбедност, ефективност, навременост, ефикасност, праведност. За да се постигне и имплементира секој од принципите, потребно е јасно да се дефинираат објективни, мерливи и

засновани на докази стандарди и индикатори за трите основни аспекти на здравствената заштита: структура, процес и исход/резултат. Стандардите, кои се групирани во шест поглавја, можат да се поделат во три категории: стандарди за управување, стандарди за грижа за пациентите и стандарди за услуги за поддршка. Според Законот за здравствена заштита, Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи во РСМ ги утврдува стандардите за акредитација на здравствените установи и го оценува квалитетот на обезбедената здравствена заштита. Агенцијата издава сертификат за одреден период, но не подолг од пет години. До и вклучително и третиот квартал од 2022 година, во РСМ биле акредитирани вкупно 20 здравствени установи.

3. Serafimovska, Tijana and Tonic Ribarska, Jamina and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and Keskoski, Zlatko and Stefanoski, Sasho and Darkovska-Serafimovska, Marija and Gjorgeska, Biljana (2022) Synergistic effects of terpenes and cannabinoids evaluated through antimicrobial activity. Macedonian Pharmaveutical Bulletin, 68 (1). pp. 197-198. ISSN 1409-8695, https://eprints.ugd.edu.mk/31174/

Во овој оригинален труд е испитувано растението Cannabis sativa L. (Cannabaceae) како најчесто користено растение за кое се смета дека има терапевтски потенцијал. Екстрактот добиен од растенијата канабис содржи канабиноиди како главни носители на фармаколошки ефекти и терпени. Хипотетичките синергистички интеракции помеѓу канабиноидите и терпените за да се добијат уникатни фармаколошки ефекти се испитани во неколку претклинички студии. Но, доказите од претклиничките студии дали терпените можат да дејствуваат синергистички со канабиноидите остануваат нејасни со недоволни податоци. Со овој труд е покажано дека тестирањето на антимикробна осетливост на овие соединенија може да се користи за предвидување на терапевтскиот исход.

4. Rusevska, Tatjana and Micev, Aleksandar and Malezi, Ema and Mladenovska R, Mirela and Rusevski, Rade and Darkovska-Serafimovska, Marija and Serafimovska Tijana and Rusevski, Aleksandar and Stefanoski, Sasho and Keskoski, Zlatko (2022) Terpene profiles of different Cannabis plant varieties, cultivated in NYSK Holdings, Skopje. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68 (2). pp. 105-106. ISSN 1409-8695 https://eprints.ugd.edu.mk/31180/

Ова истражување ја истакнува специфичноста на различни сорти на канабис за медицинска употреба кои се одгледуваат во NYSK Holdings, Скопје, под строги, контролирани услови. Повеќето од нив се хибриди на C. Sativa и C. Indica и сите имаат карактеристични морфолошки карактеристики и претставуваат различен геномски потенцијал за синтеза на канабиноиди. Медицинската употреба на канабисот не се базира само на канабиноиди, туку и на присуството на терпени, кои имаат ефект на придружба. Ова синергистичко дејство на терпените и канабиноидите може да го подобри бенефитот од третманот на воспаление, болка, депресија, епилепсија, рак, анксиозност. Терпените се природни производи, претежно произведени од растенија, кои се состојат од соединенија со формула $(C_5H_8)_n$, затоа се нарекуваат и изопреноиди. Врз основа на бројот на изопренски единици во молекулата, терпенските јаглеводороди се класифицирани како монотерпени, сесквитерпени, дитерпени, тритерпени и тетратерпени. Некои сорти во родот Cannabis се високоароматични, богати со терпени, кои се произведуваат во трихоми заедно со канабиноидите, од чиј состав зависат специфичните ароми

и вкусови. Во растенијата канабис се идентификувани повеќе од 100 молекули на терпени. Приносот и дистрибуцијата на терпени во растението варираат во зависност од бројни параметри, како што се применетите процеси, условите на животната средина или зрелоста на растението.

5. Serafimovska, Tijana and Darkovska-Serafimovska, Marija and Mitevska, Marija and Stefanoski, Sasho and Keskovski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina (2021) Determination of Terpenoid Profile in Dry Cannabis Flowers and Extracts Obtained from Different Cannabis Varieties. Journal of Pharmaceutical Research International. ISSN 2456-9119 https://eprints.ugd.edu.mk/28916/

Во овој оригинален труд истражувањето било во насока да се утврди терпеноидниот профил кај сушени цветови од канабис добиени од различни сорти на растение канабис и во екстракти од канабис, со цел да се испита количината на изгубени терпени за време на процесот на екстракција и прочистување. Потврден е GC/MS методот за одредување на терпени. Концентрацијата на терпени била одредена кај суви цветови како суровина и во декарбоксилирани и дестилирани екстракти од канабис, користејќи го истиот GC/MS аналитички метод. Екстракцијата била извршена со употреба на 96% етанол како растворувач. Добиените резултати покажале дека сувите цветови од канабис од различни растенија од канабис можат да се разликуваат само по нивниот терпеноиден профил. Употребата на стандардизирани екстракти базирани на канабис може да се потврди со одредување на терпеноидниот профил. Процесот на прочистување на екстрактите од канабис ги отстранува терпените. Процентот на главниот терпен бета-мирцен се намалил од 68% кај сувиот цвет на 15% кај декарбоксилираниот и 1,9% кај дестилирано масло од канабис по прочистувањето. Процентот на вториот главен терпен алфа-Пинен се намалил од 15% во сувиот цвет на 5% во декарбоксилирано и 0,7% во дестилирано масло од канабис по прочистувањето. Од резултатите може да се заклучи дека терпените дејствуваат синергистички со канабиноидите. Следејќи ја монографијата за тестирање на квалитетот на екстрактите од канабис во Германската фармакопеја, процесот на прочистување е неопходен за да се постигне конечна концентрација на канабиноиди (тетрахидроканабинол) од повеќе од 95% во конечната активна фармацевтска состојка. Но, процесот на прочистување ги отстранува терпените кои имаат докажани синергистички фармаколошки ефекти со канабиноидите.

6. Serafimovska, Tijana and Stefanoski, Sasho and Erler, Joachim and Keskoski, Zlatko and Stefkov, Gjoshe and Mitevska, Marija and Darkovska-Serafimovska, Marija and Balkanov, Trajan and Tonic Ribarska, Jamina (2021) Does Cannabis Extract Obtained From Cannabis Flowers With Maximum Allowed Residual Level of Aflatoxins and Ochratoxin A Have an Impact on Human Safety and Health? Frontiers in Medicine. https://eprints.ugd.edu.mk/28774/

Во овој оригинален труд се прикажани резултатите добиени од студијата која беше спроведена со цел да се испита дали екстрактот од канабис добиен од цветови од канабис кои содржат максимално дозволено ниво на микотоксини влијае врз безбедноста и здравјето на луѓето. За таа цел, бил развиен и валидиран нов метод на течна хроматографија со тандемска масена спектрометрија (LC/MS/MS) за одредување на афлатоксини и охратоксин А (OchA) во екстракти од канабис за да се демонстрира дека овој аналитички

метод е погоден за предвидениот експериментален дизајн. Експерименталниот дизајн бил направен со додавање на максимална дозволена концентрација на афлатоксини (B1, B2, G1, G2) и OchA според Европската фармакопеја поврзана со цветови од канабис. Концентрацијата на афлатоксини и OchA била одредена со користење на истиот LC/MS/MS аналитички метод во почетниот материјал (сув цвет) пред подготовка на зачинетиот примерок и по добивањето на декарбоксилиран екстракт со етанол 96%. Добиените резултати покажуваат дека афлатоксините и OchA, првенствено додадени на сушените цветови од канабис, биле исто така утврдени во добиениот финален екстракт во количини многу повисоки (m/m) отколку во почетниот растителен материјал. Тоа значи дека со овој експеримент е покажано дека микотоксините, особено афлатоксините, кои се екстремно токсични секундарни метаболити, можат да достигнат критични вредности во екстрактите од канабис добиени од суви цветови од канабис со максимална дозволена количина на микотоксини. Ова може да претставува голем ризик за потрошувачите и нивното здравје, особено за оние со компромитиран имунолошки систем.

Во рамки на научноистражувачката работа и доедукација од областите на научен интерес, кандидатот во периодот по завршувањето на докторските и специјалистичките студии континуирано работи во областа на здравствениот менаџмент и поминува повеќе обуки и тренинг-курсеви во оваа област, со што континуирано е во чекор со новите регулативи, процедури и техники кои се применуваат во креирањето на здравствените политики. Како учесник преку кратки комуникации, д-р Сашо Стефаноски посетува повеќе меѓународни семинари и конференции, како:

**Учества во работата на конференции, работилници и семинари:**

7. Speaker, Live webinar, 4th Edition of The Global Cannabis Report organized by Prohibition Partners, 22 January 2024, online;
8. Speaker, Panel Discussion, Cannabis Europa London, 25 June 2024, The Barbican Centre London;
9. Speaker, Panel Discussion, Business of Cannabis: New York, 12 November 2024, New York Academy of Medicine New York;
10. Opening speech, Cannabis Europa London, 24 June 2025, The Barbican Centre London;
11. Speaker, Panel Discussion, Cannabis Europa London, 25 June 2025, The Barbican Centre London;
12. Speaker, Panel Discussion, Science in the City international, 12 September 2025, La Cité Du Vin Bordeaux.

**Соопштенија/ постер-презентација на научноистражувачки собири (конференции /работилници):**

13. Rusevska, Tatjana and Micev, Aleksandar and Malezi, Ema and Mladenovska R, Mirela and Rusevski, Rade and Darkovska-Serafimovska, Marija and Serafimovska, Tijana and Rusevski, Aleksandar and **Stefanoski, Sasho** and Keskoski, Zlatko (2022) Terpene profiles of different Cannabis plant varieties, cultivated in NYSK Holdings, Skopje. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68 (2). pp. 105-106. ISSN 1409-8695

**Докторска дисертација/магистерски труд и специјализација:**

14. **Стефаноски Сашо** (2024) Предизвици на проектите за јавно-приватно партнерство во здравствениот систем на Република Северна Македонија. Докторска дисертација, Универзитет за мир основан од Обединетите нации -ЕЦПД регионален институт за развојни студии – Скопје.
15. **Стефаноски Сашо** (2013) Проценка на дијагностичките методи во верификација на мекоткивните цисти во вратната регија, магистерски труд, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.
16. **Стефански Сашо** (2011) Успешно одбранет специјалистички испит на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Од гореизнесеното може да се види дека кандидатот д-р Сашо Стефаноски има богато научноистражувачко досие и има остварено значајни научноистражувачки резултати од областа на здравствениот менаџмент.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот д-р Сашо Стефаноски е специјалист по орална хирургија, магистер по стоматолошки науки и доктор на науки за здравствен менаџмент. Стефаноски има повеќе од петнаесетгодишно работно искуство во менаџирање на компанија од фармацевтска индустрија, а претходно и управување со повеќе значајни државни институции. Има комплетирано голем број обуки, кои се наведени во неговата биографија, заедно со останати сертификати доставени во прилог на документите. Како дополнување на апликативната активност, целокупната научноистражувачка работа од докторска дисертација на кандидатот е имплементирана во пракса, воведувајќи ги новоразвиените менаџерски процедури во рутинското работење во НЈСК Холдингс - Скопје.

**Други стручно-апликативни дејности:**

17. Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) изработка на закони поврзани со здравствена дејност и Фондот за здравство на РСМ, Национални стратегии за здравство на РСМ итн.
18. Награди и признанија за придонес во развој на здравствениот систем на РСМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Сашо Стефаноски, доктор на науки по здравствен менаџмент, ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент. Од презентираната и целокупната досегашна активност, може да се заклучи дека кандидатот д-р Сашо Стефаноски поседува извонредни квалитети и карактеристики за успешна реализација на образовна и научноистражувачка работа.

Со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатот д-р Сашо Стефаноски да биде избран во звање насловен доцент во наставно-

научната област здравствен менаџмент (3.03.01.07) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Марјан Цепароски, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Стефан Арсов, доцент, член, с.р.
Д-р Валентина Симоновска, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>труд бр. 6 – втор автор 1x10x0,7 = 7 | 1 x10 x 0,7 = 7 | | | | 7 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>- прв автор (бр. 1, 2)<br>- останати автори (бр. 3, 4, 5) | 2 x 9 = 18<br>3 x 3 x 0,7 = 6,3 | | | | 24,3 |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (усно)<br>Во странство – бр. 7, 8, 9, 10, 11, 12 (постер)<br>Во земјава – бр. 13 | 1 | 1 | 6 | 2 | 13 |
| **10.** | Одбранета докторска теза (бр.14) | 1 | 8 | | | 8 |
| **11.** | Одбранета специјализација (бр.16) | 1 | 6 | | | 6 |
| **12.** | Одбранет магистерски труд (бр.15) | 1 | 4 | | | 4 |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| **23.** | Студиски престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71,3** |
| | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **17.** | Елаборати и експертизи<br>-Подготовка на национални документи (стратегии, закони) - изработка на закони поврзани со здравствена дејност и Фондот за здравство на РСМ,<br>-Национални стратегии за здравство на РМ | 2 | 2 | | | 4 |
| **19.** | Стручни награди и признанија<br>Награда за придонес во развој на здравствениот систем на РСМ | 1 | 4 | | | 4 |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела<br>-Државен секретар во Министерството за одбрана<br>-Директор на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 2 | 5 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **18** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **89,3** |

## Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Со Одлука број 2002-282/14 донесена на 349. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 1.12.2025 година, определена е Комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *дерматовенерологија (3.02.00.10)* – еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Александар Анчевски, редовен професор во пензија, наставно-научна област дерматовенерологија;
- проф. д-р Ивана Биниќ, редовен професор на Медицински факултет во Ниш, Србија, наставно-научна област дерматовенерологија;
- проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор, вработена на УГД, наставно-научна област епидемиологија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 18.11.2025 година и во предвидениот рок се пријави вонреден проф. д-р Андреј Петров.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот **проф. д-р Андреј Петров**, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија;
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет (заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити со просек од студиите 9.52 (заверена кај нотар);
- Диплома за одбранет магистерски труд на ВМА во Белград;
- Нострификација на дипломата од магистерски труд;
- Уверение за одбранет специјалистички испит;
- Диплома за одбранета докторска дисертација;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
- Уверение за државјанство

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Андреј Петров** е роден во 1971 година во Скопје. Дипломирал на Медицински факултет во Скопје во 1995 година, со просечна оценка 9.52. Од

1995 до 2008 година работел на Клиниката за дерматовенерологија во Скопје. Завршил специјализација по дерматовенерологија на Медицински факултет во Скопје, во мај 2000 година.

Магистрирал на ВМА во Белград во 2002 година и се стекнал со звање магистер од областа дерматовенерологија, на тема „Поврзаност на одделни типови на Т клеточни лимфоми со етничката припадност и степенот на урбанизација". Бил на повеќемесечни стручни престои на Универзитетските клиники во Љубљана (Словенија) и во Гетеборг (Шведска), како и во болниците Аташир и Багдат на Аџибадем групацијата во Истанбул, Турција. Од 2008 до 2010 година бил специјалист консултант на Општата болница „Ремедика" во Скопје. Од 2010 до 2013 бил ангажиран како консултант на Клиничка болница „Систина" во Скопје. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Медицински факултет во Скопје. Докторира на Медицински факултет во Скопје на 15 јануари 2016 година и се стекнува со звање доктор на медицински науки од областа на клиничка медицина, на тема „Ефикасност на фракциониот ласер во обновувањето на кожата".

Од 2013 година работи како дерматовенеролог во Клиничката болница „Аџибадем Систина", каде што е и шеф на Одделот за дерматовенерологија и естетска дерматологија.

Претседател е на Комисијата за етички прашања на Клиничката болница „Аџибадем Систина".

Учествувал како коавтор во пишувањето на домашни и меѓународни учебници по дерматовенерологија.

Вклучен е во меѓународни, мултицентрични, научноистражувачки проекти од полето на дерматовенерологијата како главен истражувач.

Во 2016 година е избран за насловен доцент, а во 2017 година за доцент по предметот Дерматовенерологија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во 2021 година е избран за вонреден професор по предметот Дерматовенерологија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од 2020 до 2025 година е раководител на Одделението за општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Претседател е на Етичкиот комитет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Зборува течно англиски јазик, а има познавање и од француски и италијански јазик.

***Законски услови кои ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

- **Општи услови за избор:**

1. Просечен успех - Кандидатот ги завршува студиите на Медицинскиот факултет – УКИМ, Скопје), со остварен просечен успех од 9.52.
2. Научен степен доктор од научната област во која се избира – кандидатот е доктор по медицински науки од областа дерматовенерологија, со докторски студии и одбранет докторат на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје од областа дерматовенерологија.
3. Претходен избор во звање – вонреден професор од научната област дерматовенерологија. Кандидатот е избран во звање вонреден професор во областа дерматовенерологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

4. Објавени научни трудови во референтна научна публикација:

а/ Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години до датумот на објавување на Конкурсот:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Petrov A, Jashar D, Petrova D. | Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma *in situ* - Institutional Experience | Open Access Maced J Med Sci. | 2024 |
| 2. | Petrov A. et al. | Xeroderma pigmentosum associated with multiple melanoma and non melanoma skin cancers | Bulgarian Journal of Dermatology and Venerology. | 2021 |
| 3. | Mirakovski et al. | Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface | JJEADV | 2022 |
| 4. | Ivanovska, Simona & Lika, Sihana & Alili-Idrizi, Edita & Petrov, Andrej & Janevik, Emilija. | Principles and methods for isolation and preparation of plasma preparations containing platelets (pr) -how to improve the purpose and effectiveness | International Journal of Medical Sciences. | 2023 |
| 5. | Vasileva M, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. | Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report | Our Dermatol Online. | 2021 |
| 6. | Latkoska S., Mirela V., Petrov A and Boshkovski VB. | Mesotherapy and PRP Treatment in Combination ин Hair Loss in Women. Case Report | Case Report. Global J Clin Coseme Dermat | 2022 |
| 7. | Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. | Sleep-disrupting pruritus in patients with type 2 diabetes mellitus: a case report | Acta Medica Balcanica | 2025 |
| 8. | Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. | Skin manifestations as a reason for early detection of type 2 diabetes mellitus: a case report | Acta Medica Balcanica | 2025 |
| 9. | Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. | Ulcer lesions in patients with type 2 diabetes mellitus: a case report | Acta Medica Balcanica | 2024 |
| 10. | Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. | Venotonics play a significant role in reducing the symptoms of varicose veins: a case report | Acta Medica Balcanica | 2025 |
| 11. | Brishkoska-Boshkovski V., Vasileva M., Petrov A. | Use of Compression Therapy as Preventive Strategy for Recurrent Cellulitis on the Lower Legs | OAMJMS | 2025 |

б/ или два научни труда во научно списание со импакт-фактор во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт-фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Petrov A, Jashar D, Petrova D. | Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma *in situ* - Institutional Experience. | Open Access Maced J Med Sci. | 0,73 |
| 2. | Mirakovski et al. | Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface | JJEADV | 8 |

*Учество во учебници, монографии и наставни помагала*

1. Дерматовенерологија (основен учебник). Александар Анчевски; Ѓорѓи Гоцев; Љубица Павлова; Нада Петрова. Textbookprinted book | Macedonian | 2005. Скопје : Култура, 2005 (Куманово : Македонска ризница) | 543 стр. ISBN: 9989-32-442-5. COBISS-ID: 61866250
2. Andrej Petrov, Vesna Pljakoska, Silvija Duma. Hypopigmentation. Hermansky Pudlak syndrome, Chediak- Chigasi syndrome, and Griscelli syndrome. ISBN:9781138505230 2019: 1, 83-86
3. ПЕТРОВ, Андреј Практикум по дерматовенерологија [електронски извор] / Андреј Петров. - Штип : Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, 2021 Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/974. - Текст во PDF формат, содржи 72 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 9.2.2021. - Биографија: стр. 71. - Библиографија: стр. 70 ISBN 978-608-244-789-6
4. ПЕТРОВ, Андреј Дерматовенерологија [електронски извор] / Андреј Петров - Штип : Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, 2021 Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/973. - Текст во PDF формат, содржи 258 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 9.2.2021. - Биографија: стр. 257. - Библиографија: стр. 256 ISBN 978-608-244-788-9 а) Дерматовенерологија - прирачници COBISS.MK-ID 53129477
5. Petrov, A., Pljakoska, V. (2023). Pityriasis Rubra Pilaris (Divergie 1863, Besnier 1889). In: Katsambas, A.D., Lotti, T.M., Dessinioti, C., D'Erme, A.M. (eds) European Handbook of Dermatological Treatments. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-15130-9_74
6. Ranawaka, R.R., Pljakoska, V., Petrov, A. (2023). Leprosy. In: Katsambas, A.D., Lotti, T.M., Dessinioti, C., D'Erme, A.M. (eds) European Handbook of Dermatological Treatments. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-15130-9_51

***Наставно-образовна и научноистражувачка работа***

Проф. д-р Андреј Петров е редовно вклучен веќе 10 години во наставата на Факултетот за медицински науки како предметен наставник по Дерматовенерологија и за овој период голем број студенти се стекнаа со неопходните знаења од оваа област на медицината. Д-р Петров е ментор

на повеќе од 10 специјализанти по дерматовенерологија од кои пет веќе се стекнаа со лиценца на специјалисти по дерматовенерологија. Тој е вклучен и во наставата на трет циклус студии за изведување на настава за студентите на докторски студии. На Факултетот за медицински науки е раководител на Одделението за општа медицина.

***Научноистражувачки проекти***:

1. Qualitative and quantitative assessment of the deposits adhering to the human skin exposed to urban air pollution: an international multicentar study. EADV 2020-2021. Katerina Damevska, Blazo Boev, Dejan Mirakovski, Andrej Petrov et al.
2. Jean Monnet Project titled as EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation.(2020-2022). Kristina Misheva et al.

***Трудови:***

1. Petrov A, Jashar D, Petrova D. Clinical and Dermatoscopic Characteristics of Melanoma *in situ* - Institutional Experience. Open Access Maced J Med Sci. 2024 Feb 14; 12(1):128-135.https://doi.org/10.3889/oamjms.2024.11840

Во трудот се прикажани повеќе случаи на меланом, во ин ситу стадиум (нулти стадиум на болеста). Направени се корелации на клинички, хистолошки и имунолошките карактеристики на болеста, како и на спроведениот хируршки третман, според постојните водичи за постапување со овој тип на болест.

2. Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. ULCER LESIONS IN PATIENTS WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS: A CASE REPORT Vol. 9 | No. 17-18, 2024

Во трудот е прикажан случај на пациент со тип 2 на дијабетес мелитус, кај кој се опсервирани улцерозните лезии, со осврт на посебните карактеристики на пациентите со оваа болест и можните компликации.

3. Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. SKIN MANIFESTATIONS AS A REASON FOR EARLY DETECTION OF TYPE 2 DIABETES MELLITUS: A CASE REPORT. Acta Medica Balcanica. Vol. 10 | No. 19-20, 2025. DOI: https://doi.org/10.62792/ut.amb.v10.i19-20.p3053

Направен е осврт на кожните манифестации кај овој прикажан случај и опишана е можноста кај овие пациенти, дерматолошката симптоматологија да биде основа за дијагноза на болеста.

4. Ivanovska, Simona & Lika, Sihana & Alili-Idrizi, Edita & Petrov, Andrej & Janevik, Emilija. (2023). PRINCIPLES AND METHODS FOR ISOLATION AND PREPARATION OF PLASMA PREPARATIONS CONTAINING PLATELETS (PR) -HOW TO IMPROVE THE PURPOSE AND EFFECTIVENESS. International Journal of Medical Sciences. 7. 161-174.

Во трудот се прикажани принципите методите на изолација и подготовка на плазма богата со тромбоцити, која наоѓа се поголема примена во актуелната дерматовенерологија.

5. Petrov A. et al. Xeroderma pigmentosum associated with multiple melanoma and non melanoma skin cancers. Bulgarian Journal of Dermatology and Venerology. N1, 20-25, 2021

Во овој труд, објавен во списанието на Бугарското дерматолошко друштво, е објавен редок случај на генодерматоза која е асоцирана со

бројни малигни тумори од различен тип. Раната детекција на овие тумори и избегнувањето на сонце се есенцијални за спречување на ширењето на овие тумори.

6. Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. SLEEP-DISRUPTING PRURITUS IN PATIENTS WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS: A CASE REPORT. 60-63. Vol. 10 | No. 19-20, 2025

Во трудот се презентира низ казуистика влијанието на дијабетес врз квалитетот на живот на пациентите, со осврт на неподносливиот јадеж кој кај овие пациенти има огромно влијание на секојдневното живеење. Влијанието на квалитетот на животот преку нарушување на ноќниот сон се изложени во казуистика.

7. Arben EMURLAI, Andrej PETROV, Martina GJORGJIEVSKA KAMCEVA. VENOTONICS PLAY A SIGNIFICANT ROLE IN REDUCING THE SYMPTOMS OF VARICOSE VEINS: A CASE REPORT.64-67. Vol. 10 | No. 19-20, 2025

Во овој приказ на случај е илустрирана улогата на венотониците во редуцирање на симптомите на проширени вени на нозете.

8. Latkoska S., Mirela V., Petrov A and Boshkovski VB. (2022). Mesotherapy and PRP Treatment in Combination ин Hair Loss in Women. Case Report. Global J Clin Coseme Dermat 3(1): 108

Во трудот е даден приказ на влијание на мезотерапија и плазма богата со тромбоцити кај пациентки со женски тип на опаѓање на косата. Даден е преглед на повеќе пациенти кои се третирани со комбиниран пристап.

9. Vasileva M, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. Our Dermatol Online. 2021;12(4):439-441.

Приказ на случај – пациент зависник од дроги кај кој се третирани венски улцерации, со осврт на можните ризици кои бараат посебен пристап.

10. Mirakovski et al. Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface. JEADV 2022

Анализата SEM–EDX обезбедува докази за контаминација на изложената кожа со различни воздушни PM од природно или антропогено потекло. Овој метод може да даде нови сознанија за врската помеѓу изложеноста на загаденоста на воздухот и оштетување на кожата предизвикано од загадувањето.

11. Brishkoska-Boshkovski V, Vasileva M, Petrov A. Use of Compression Therapy as Preventive Strategy for Recurrent Cellulitis on the Lower Legs. Open Access Maced J Med Sci [Internet]. 2025 Sep. 15 [cited 2025 Dec. 3];13(3):175-8. Available from: https://oamjms.eu/index.php/mjms/article/view/12034

Во трудот се анализираат превентивните стратегии преку употреба на компресивна терапија за спречување на рекурентниот целулитис на долните екстремитети.

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми:***

1. Congress of Macedonian Dermatovenerology Society OHRID 2022 - пленарно предавање, Зборник на резимеа;
2. Ласерски третман на кондиломи, Здружение за сексуално преносливи болести, Струга 2022, усно предавање;

3. Комбинација на CO2 ласер и плазма богата со тромбоцити во естетска дерматологија - сопствени искуства, ЗЕМ, Скопје, 2023, пленарно предавање;
4. Ласерски аблативен третман во дерматологија. ASKED 2023 Белград, Србија, усна презентација;
5. Ablative and office-based treatment of genital warts. IUSTI, 2023, Brijuni, Croatia, oral presentation(Book of abstracts);
6. Carbon dioxide fractional laser in Dermatology. Конгрес на дерматовенеролозите на Словенија, Блед, 2023, усно предавање;
7. Laser rejuvenation of the skin, ASCAD 2023 Tirana, Albania, oral presentation;
8. Lasers in esthetic dermatology, necessity or adding a sugar in a honey, Burgas, Bulgaria, 2023, Conference of University of Stara Zagora;
9. Lasers in skin resurfacing, Congress of Turkish Dermatovenerology society, 2023, Istanbu;l
10. Lasers in esthetic dermatology, 2023, Sarajevo, BIH, Congress of Dermatovenerologists of BIH, oral presentation, Book of abstracts;
11. Laser skin resurfacing. Belgrade dermatology Days, Belgrade, Serbia, 2023, oral presentation;
12. Radiotherapy for advanced basal cell carcinoma in elderly- rational approach, Sofia Dermatological Days, Bulgaria, oral presentation, 2023;
13. Laser surgery in dermatology, ASKED 2024, Belgrade, oral presentation;
14. Здружение за естетска медицина, ЗЕМ, Скопје 2025, Ласерска хирургија во дерматологија, усна презентација;
15. Congress of Dermatovenerologists of Montenegro - Petrovac June 2025, plenary lecture;
16. Biologyc therapy in Vitiligo, Congress of Macedonian Medical Association, 2025 September ,Skopje, oral presentation;
17. Combination laser surgery of the skin – Belgrade, 2025, Congress of Serbian Dermatovenerology association, plenary lecture (Book of abstracts);
18. Larva migrans- case report- Annual Conference of Bulgarian Society of Dermatovenerology, Sofia 2025, oral presentation.

***Приказ на докторската дисертација***

*„Ефикасност на фракциониот ласер во обновувањето на кожата“, докторска дисертација, Медицински факултет - Скопје, УКИМ, декември 2015 г.*

Во докторската дисертација е опфатена тема од естетската дерматологија. Во неа е проценувана ефикасноста на фракциониот аблативен ласер во обновувањето на кожата наспроти конвенционалните методи на терапија кај три подгрупи на пациенти - пациенти со лузни од акни, пациенти кај кои е спроведена рејувенација на кожата, како и кај пациенти со HPV вирусни израстоци на кожата. Проценката е дадена и од страна на пациентот и од терапевтите-кумулативно изразена, од независно дадените оцени од двајца доктори, преку користење на евалуација на дигитална фотографија со HD Mole max козметски модул. Исто така, анализирана е можноста за постоење на синергистички ефект во третманот при симултана употреба на фракциониот јаглерод диоксид ласер и плазмата богата со тромбоцити кај првите две подгрупи на пациенти. Во дисертацијата е изведен заклучок дека

фракциониот ласер е ефикасен и безбеден за употреба кај сите три групи на пациенти. Кај пациентите од првите две подгрупи е регистрирана статистички значајна разлика во задоволството од третманот кај пациентите третирани со ласер во однос на останатите тераписки модалитети. Комбинираниот третман со ласер и плазма е повисоко оценет од ласерската монотерапија, но без статистичка значајност. Кај пациентите со вирусни ХПВ израстоци на кожата ласерската терапија е послабо оценета од пациентите во однос на криотерапијата. Несаканите ефекти од ласерскиот третман со јаглерод диоксид ласер биле ретки, минимални и брзо поминуваат до 72 часа по третманот.

***Приказ на магистерски труд***

*„Поврзаност на одредени типови на кутани Т-клеточни лимфоми со етничката припадност и степенот на урбанизација“, магистерски труд, ВМА, Белград, 2002 г.*

Во трудот е прикажана проспективно-ретроспективна студија изведена на Клиниката за дерматовенерологија во период од пет години, различните варијанти на Т клеточни кутани лимфоми кои се дијагностицирани и лекувани на клиниката, како и нивната поврзаност со урбанизацијата, разликите село-град, како и разликите во однос на етничката припадност на пациентите. Како контролна група земени се пациенти со хронични инфламаторни дерматози. Востановена е значајно поголемата фреквенција на болеста во урбаните средини.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Петров е актуелен раководител на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и со својот ангажман активно придонесува за развојот на факултетот. Во овој период се реализира акредитација на неколку нови студиски програми во кои беше директно вклучен, а кои се големо значење за натамошниот развој на Факултетот за медицински науки.

Д-р Андреј Петров е претседател на Етичкиот комитет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Како дел од тимот на Клиничката болница „Аџибадем Систина“, новите техники и сознанија во медицината ги применува во подобрување на квалитетот на здравствената заштита на пациентите. На тој начин, научните сознанија од областа на дерматовенерологијата наоѓаат апликативна вредност во клиничката пракса.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. д-р Андреј Петров ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Врз основа на наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и севкупна активност во периодот од избор во вонреден професор од 2021 година до денес, Комисијата го верификува научниот и

стручен развој на кандидатот д-р Андреј Петров преку вкупно 302 поени (40+133+129).

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените бодови од неговите активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет **да го избере кандидатот д-р Андреј Петров во звање редовен професор за наставно-научната област дерматовенерологија (3.02.00.10) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Александар Анчевски, ред. професор во пензија, претседател, с.р.
Д-р Ивана Биниќ, редовен професор, член, с.р.
Д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 40 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научноистражувачки проект | | | 2 | 3 | 6 |
| | Пленарно предавање на научен собир | 5 | 3 | 3 | 6 | 33 |
| | Поглавја во учебник | | 6 | 1 | 10 | 16 |
| | Секциско предавање на научен собир | 3 | 2 | 6 | 4 | 30 |
| | Научни трудови објавен во списание со ИФ | 2 | 20 | 1 | 5 | 25 |
| | Научен труд во меѓународно списание | | | 1 | 9 | 9 |
| | Претседател на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на организациски одбор на научен собир | 4 | 1 | | | 4 |
| | Студиски престој | | | 3 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 133 |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга/учебник/ | **2** | **10** | | | 20 |
| | Поглавје во книга | 7 | 4 | 4 | 7 | 42 |
| | Труд објавен во зборник на трудови | 6 | 2 | | | 12 |
| | Раководител на одделение | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учесник во научен проект | 2 | 5 | | | 10 |
| | Пленарно предавање | 3 | 2 | | | 6 |
| | Ментор на специјализанти и докторанди/4 години | 9 | 4 | | | 36 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 129 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | 302 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ (6.02.02.01) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-256/8 од 3.12.2025 година донесена на 321. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип, одржана на 3.12.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *македонска книжевност* (6.02.02.01) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

- проф. д-р Ранко Младеноски, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- проф. д-р Махмут Челик, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 18.11.2025 година и во предвидениот рок се пријави само една кандидатка – д-р Весна Кожинкова, насловен вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Кандидатката д-р Весна Кожинкова, во согласност со објавениот Конкурс, во предвидениот рок ги достави сите потребни документи предвидени со Конкурсот. Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова** е родена на 23.3. 1968 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град. Образованието го продолжува во Скопје на Филолошкиот факултет, на групата *Историја на книжевностите на народите на СФРЈ* на која дипломира во 1990 година. Своето образование го продолжува во 1994 година кога се запишува на постдипломските студии од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Работното искуство почнува да го стекнува во ОУ „Димитар Влахов“ во Штип како професор по македонски јазик и литература од 1994 до 2000 година. Од 2000 година е професор по Македонски јазик и литература во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип до 2025 година кога ја продолжува својата кариера на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2008 година ја пријавува темата за магистерски труд под менторство на проф. д-р Јасна Котеска. На 15.6.2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав: проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска јавно го одбрани магистерскиот труд на тема „Особините на

македонскиот постмодернистички роман во првата деценија на 21 век“ и се стекна со звањето **магистер по филолошки науки**.

Во септември 2009 година ја пријавува својата тема за докторска дисертација под менторство на проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска за која одобрение од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ добива во декември 2009 година. На 18.5.2015 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје пред Комисијата во состав проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, проф. д-р Виолета Пирузе-Тасевска, проф. д-р Јасна Котеска, проф. д-р Венко Андоновски и проф. д-р Кристина Николовска јавно ја одбрани докторската дисертација со наслов „Егејската тема во современата македонска проза низ модалитетите на домовноста“ и се стекна со звање **доктор по филолошки науки**.

Во текот на својата долгогодишна професорска кариера насловен вонр. професор д-р Весна Кожинкова е дел од повеќе активности кои се во функција на нејзиниот професионален развој: креативна настава и учење; подготовка за вработување и работа; кариерно советување на учениците; модернизација на образованието; медиумска култура во средното образование; примена на современите техники во наставата.

Во Гимназија „Славчо Стојменски“ во Штип, каде што професионално беше ангажирана како професор по Македонски јазик и литература, активно е вклучена во повеќе активности и проекти: а) Активности во насока на имплементација на модулите за стекнување на потребните вештини кај младите за подобро снаоѓање на пазарот на трудот, во процесот на барање работа и вработување и кариерно советување и професионална ориентација; б) Учество на јавна дебата за зголемување на свесноста и информираноста за националниот систем на квалификации помеѓу голем број на чинители на локално ниво и размена на мислења, соработка и поддршка за имплементација на НРК, во рамките на твининг-проектот финансиран од ЕУ „Понатамошно подобрување на системот на развој и имплементација на Националната рамка на квалификации – НРК“; в) Присуство и активно учество на дебатата под наслов „5 до 12 за реформи“ по повод Светски ден на учителот; г) Активно учество на конференцијата „Зајакнување на ученичкото учество во процесот на донесување на одлуките во средните училишта“ и евентуалните предизвици при имплементација на измените во Законот за средно образование во делот на ученичкото учество во донесување на одлуките, организирана од страна на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Здружението„ Лидери за едукација, активизам и развој“ (LEAD), во соработка со Министерството за образование и наука на РМ; д) Учество во проект „Младите и нивните погледи за Европската Унија“, во организација на EUHOUSE, со учество на амбасадорот на ЕУ Семуел Жбогар и амбасадорот на Шпанија, Емилио Лоренцо Сера; ѓ) Обука за работа со Училишната младинска заедница, работилници за користење на алатки од неформално образование и младинска работа, во формално образовниот процес преку искуствено учење, конструктивна комуникација, правото на избор, врсничко насилство и зачувување на животната средина.

Во периодот од 2009 до 2011 година е надворешен соработник на ДИЦ како оценувач на Државна матура по предметот Македонски јазик и литература. Од 2011 до 2013 година од Државниот испитен центар е ангажирана како надворешен соработник-оценувач на Државната матура по предметот

Македонски јазик и литература. Во 2016 година е надворешен соработник на ДИЦ како ревизор на прашањата за екстерно тестирање по предметот Македонски јазик и литература. Во 2019 година како учесник во проектот на УГД „Иновации во наставата" е ангажирана да изврши дисеминација на обуката пред помладите наставници. Насловен вонр. професор д-р Весна Кожинкова во зимскиот семестар од академската 2017/2018 година е ангажирана како стручно лице од пракса по предметите *Теорија на методиката по македонски јазик* и *Практика на методиката по македонски јазик*. Исто така, од 2010 година Кожинкова е наставник-ментор на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. На Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е ангажирана како наставник за предметите: Македонска книжевност од XV-XVIII век, Методика на наставата по книжевност, Синтакса на македонскиот јазик 1 и Синтакса на македонскиот јазик 2. Освен тоа, член е на повеќе комисии за одбрана на дипломски труд. Член е и на Комисија за одбрана на магистерски труд. Повеќепати е ангажирана како рецензент на научни трудови во списанието „Палимпсест". Во рамките на нејзиниот стручен развој за истакнување е податокот дека насловен вонр. професор д-р Весна Кожинкова е рецензент на учебник по Македонски јазик и литература за V одделение чиј автор е д-р Јадранка Владова. Рецензент е на следните текстови: 1) Романот „Дијаманти" од Силвана Панева (2019); 2) „Метафора на животот... од корени до фиданки" од Виолета Карагунова (2021); 3) „Време минато... време сегашно" од Невена Милева (2022).

***1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**1.1. Доктор на науки од соодветната научна област:** Кандидатката насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова е доктор по филолошки науки од областа македонска книжевност XX век. Во насловно звање - насловен доцент кандидатката е избрана на 22.5.2018 година со Одлука бр. 1902-132/11 донесена на 173. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип. Со Одлука бр. 1902-44/17 од 15.2.2023 година на 261. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет е избрана во насловно звање - насловен вонреден професор.

**1.2. Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и на втор циклус**: Просечниот успех на д-р Весна Кожинкова од прв циклус на студии е 8,10, а просечниот успех од втор циклус на студии е 9,15;

**1.3. Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години:**

| ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание/ Публикација** | **Години на излегување на списанието или публикацијата** |
| 1. | Весна Кожинкова | Балканскиот и македонскиот хронотоп во современата постколонијална критика | Годишен зборник 2022 / I - Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, (бр. 19), стр. 57-68 | XIII |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Весна Кожинкова | Саморефлексивноста на скриената камера | Годишен зборник 2020 / I – Филолошки факултет „Гоце Делчев" – Штип, број 15, стр. 63-68 | XI |
| 3. | Весна Кожинкова | Референцијалноста во романот „Мемоарите на Алберт Ајнштајн" од Кире Илиевски | Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО, 2020, стр. 149-154 | V |
| 4. | Весна Кожинкова | Ацо Шопов во книжевната критика | Зборник на трудови 50. Меѓународна конференција за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2023, стр. 386-400 | I |
| 5. | Весна Кожинкова | Хетеролошките аспекти во поезијата на Ацо Шопов | Зборник на трудови „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет Штип, 2023, стр. 383-393 | I |
| 6. | Весна Кожинкова | Отсутното и туѓото во земјата на бегалците | „Палимпсест", меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, год. 9, бр. 18, 2024, стр. 95-104 | IX |
| 7. | Весна Кожинкова | Враќање по изгубените траги: Егзодусот како идентитетска топографија | Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев, Штип, Vol. XVI, No 25, 2025, стр. 47-56 | XVI |

**1.4. Познавање на најмалку еден странски јазик – доказ за издадена потврда од овластена институција регистрирана за странски јазици:** Кандидатката насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова има доставено потврда за познавање на англиски јазик издадена од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

## *2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

По завршувањето на првиот циклус студии д-р Весна Кожинкова се вработува како професор по Македонски јазик и литература во Основното училиште „Димитар Влахов" во Штип. По шест години работно искуство во основното образование преминува на работно место професор по Македонски јазик и литература во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" во Штип, каде што работи до 2025 година, кога преминува на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Во текот на својата професорска активност, таа е активен чинител на многубројни воннаставни активности на учениците и вклученост во проекти: креативна настава и учење, подготовка за вработување и работа, кариерно советување на учениците (за што се стекна со сертификат за кариерен советник во училиштето во коешто работеше), модернизација на образованието, медиумска култура во средното образование, примена на современите техники во наставата. Освен тоа, како

потврда за нејзините стручни квалитети во три наврата е ангажирана од страна на Државниот испитен центар како надворешен соработник-оценувач на Државната матура по предметот Македонски јазик и литература, а во 2016 година како надворешен соработник-ревизор за прашањата за екстерно тестирање на учениците.

Во зимскиот семестар од академската 2017/2018 година е ангажирана како надворешен соработник по предметите *Теорија на методиката по македонски јазик* и *Практика на методиката по македонски јазик* на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Од академската 2018/2019 година е ангажирана како наставник за предметите: Македонска книжевност од XV-XVIII век и Методика на наставата по книжевност.

Кандидатката д-р Весна Кожинкова објавува научни и стручни трудови во домашни и во странски научни и стручни списанија од обласа на македонската книжевност и културологијата. Во поголемиот број од нејзините трудови доминантни се темите од македонската книжевност од 20 век, развојот на македонскиот роман и неговите тематски преокупации заклучно со постмодернистичката парадигма и нејзините карактеристики во една временска рамка која се однесува на првата деценија на 21 век, со што е евидентен придонесот во расветлувањето и продлабочувањето на многу современи аспекти на македонската книжевност. Освен тоа, интересот го свртува и кон  развитокот на македонската поствизантиска книжевност и нејзината врска и влијание врз современата македонска книжевност. Нејзините проучувања се свртени и кон одредени аспекти на постколонијалната критика со акцент на темите на егзилот, траумата, меморијата и постмеморијата. Кон тоа треба да се додаде и дека д-р Кожинкова учествувала на повеќе домашни и меѓународни научни конференции. Покрај ова, од 2020 година кандидатката активно учествувала во подготовката на повеќе броеви од меѓународното научно списание „Палимпсест“ (што се објавува на Филолошкиот факултет во Штип) како рецензент на научни, стручни и прегледни трудови. Имено, од приложената документација може да се види дека кандидатката рецензирала (оценила) вкупно четиринаесет труда за списанието „Палимпсест“ во периодот од 2021 до 2025 година.

Д-р Весна Кожинкова има објавено поголем број научни и стручни трудови што ги наведуваме во продолжение со куса евалуација за секој труд одделно.

**I. Научни и стручни книги (монографии)**

**1. Кожинкова, Весна** (2022). *Долго патување до дома*. Штип, „2-ри Август“. ISBN 978-608-4879-70-1.

**Евалуација на трудот:** Книгата „Долго патување до дома“ на авторката Весна Кожинкова произлезе од нејзиното истражување за докторската дисертација на тема „Егејската тема во современата македонска проза низ модалитетите на домовноста“, одбранета во мај 2015 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Со оваа книга таа анализира и истражува цел тематски комплекс во македонската литература препознатлив по тоа што ја третира темата на насилно прогонетите Македонци од Егејска Македонија за време на Граѓанската војна во Грција. Интересна е идејата на авторката

на почетокот на книгата да ја помести приказната за своето семејство и на тој начин да проговори за своите корени, за своите предци кои потекнуваат од Егејска Македонија, кои биле насила и засекогаш протерани од своите огништа. Книгата има повеќе глави, но, главно, во неа се препознаваат два дела: теориски и апликативен. Во теорискиот дел авторката се обидува да ја проследи референтната литература која ги има предвид домовноста, егзилот, идентитетот и *другоста*. Откако на почетокот дијахрониски го проследува развитокот на македонската литература, ја ситуира егејската тема како мошне важен, но помалку проучуван тематски комплекс и преку историскиот дел ја дава историската предлошка на сите романи кои ја имаат предвид егејската тема. Во напорот да се дефинираат модалитетите на домовноста се истакнува како пресуден политичкиот контекст како основа за дефинирање и препознавање на модалитетите на домовноста. Кожинкова во овој дел ги поставува четирите модалитети на домовноста во однос на прогонот на егејските Македонци: а) обездомување; б) вдомување; в) враќање; г) светот како дом.

**II. Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

**2. Кожинкова, Весна** (2022). *Балканскиот и македонскиот хронотоп во современата постколонијална критика*. Годишен зборник, 2022 / I – Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, година 13 (бр. 19), стр. 57-68.

**Евалуација на трудот:** Овој труд ја проследува актуелноста и присутноста на балканскиот и македонскиот хронотоп во современата постколонијална критика. Со оглед на специфичноста на Балканот, неговата историја и географија, во поново време тој се повеќе се наметнува како топос кој е исклучително интересен за постколонијалната критика. Во сите текстови кои се објавени и напишани за него, Балканот е опишан како нешто друго во однос на Европа, како нешто што не води сметка за стандардите коишто цивилизираниот свет ги има поставено како нормативи. Балканот е варварски, примитивен, насилен, нестабилен, непредвидлив, регресивен, со еден збор тој е се она што Европа ниту била, ниту, пак, ќе биде. Дискурсот за Балканот како мешавина на различни култури, јазици, обичаи е присутен од неговото откривање, а сведоци сме дека постои и ден-денес. Неговата поставеност меѓу Ориентот и Окцидентот му обезбедуваат сличност и со едниот и со другиот. Со оглед на неговата неусогласеност и способност во секој момент да биде „буре барут“, тој секогаш претставува потенцијална опасност и закана за европските традиции и норми. За ова истражување мошне е интересна токму и темата – како и колку Македонија и „македонските работи“ се теми во рамките на европскиот и балканскиот постколонијален дискурс? Авторката го поставува ова прашање истовремено потсетувајќи дека Македонија во својата далечна, помалку далечна и сегашна историја има многу теми и дилеми кои може да бидат интересна тема за еден таков постколонијален дискурс.

**3. Кожинкова, Весна** (2020). *Саморефлексивноста на скриената камера*. Годишен зборник, 2020 / I – Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, година 11 (бр. 15), стр. 63-68.

**Евалуација на трудот**: Овој труд ја анализира саморефлексивноста која е од особен интерес на романсиерите од последните триесет години кои со право се нарекуваат метапрозни, бидејќи сите тие се обидуваат и главно

успеваат во тоа да ја истражуваат теоријата на прозата низ практиката на пишување проза. Метатекстуалноста во македонскиот постмодернистички роман е својство коешто е присутно, но исто така својство коешто може да биде третирано и разгледувано од различни аспекти. Со оглед на тоа што Патриша Во констатира дека метатекстуалноста се гради врз матрицата на реалистичното писмо, топосите кои авторката Весна Кожинкова ги зема предвид при анализата на романот „Скриена камера“ од Лидија Димковска (2004) се конвенциите на реализмот: лик, раскажувач, фабула. Притоа, таа не ги запоставува ниту дискусиите коишто се среќаваат во структурата на романот „Скриена камера“ од Димковска околу жанровската припадност на делото. На крајот од овој труд се заклучува дека во романот доминираат автореферентни единици во кои нараторот настапува од позиција на критичар. Позицијата на критичар дозволува влез во фикционалната илузија и овозможува увид во техниката на раскажувањето.

4. **Кожинкова, Весна** (2020). *Референцијалноста во романот „Мемоарите на Алберт Ајнштајн“ од Кире Илиевски*. Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција ФИЛКО, Филолошки факултет, Штип, стр. 149-154.

**Евалуација на трудот**: Овој труд ја нотира референцијалноста во романот „Мемоарите на Алберт Ајнштајн“ од авторот Кире Илиевски при што се поаѓа од фактот дека текстот не е литературен конструкт којшто е еднаш засекогаш зададен и затворен, туку тој е отворен, реферира и комуницира со други текстови. Текстот е една комплексна категорија затоа што во себе „носи“ безгранично голем број претходни текстови од различна провениенција. Тој навистина создава свет, но истовремено пресоздава веќе од порано создадени светови коишто се дел од културното наследство. Текстот е дијалошки поставен кон литературата, историјата, културата, науката, уметноста, медиумите. Врската меѓу текстовите може да биде интензивна и помалку интензивна. Степенот на ваквата интензивност зависи од густината на интертекстуалните сигнали, нивната експлицитност, како и од степенот на интегрираноста на стариот текст во новиот. Таа може да биде проверена низ неколку критериуми коишто Фистер ги наведува како заклучок од својата анализа на интертекстуалните односи. Тие критериуми се: референцијалност, комуникативност, авторефлексивност, структуралност, селективност и дијалогичност. Насловот на романот „Мемоарите на Алберт Ајнштајн“ е индикативен од два аспекта. Првиот аспект, затоа што ја насочува љубопитноста на читателот за осознавање на животот на големиот великан на 20 век. Со оглед на фактот што лектирата *Алберт Ајнштајн* и е добро позната на поширокота читателска публика, повеќе од јасно е дека уште со насловот романот остварува комуникациска врска со читателот. Остварувањето на една таква врска се наметнува како единствен услов за негова рецепција. Вториот аспект, затоа што насловот упатува на друг литературен жанр – мемоари кои не се чисто уметнички жанр, туку се препознатливи по тоа што во себе вклучуваат одредена доза на научност и треба да одговорат на прашањето: кој бил Алберт Ајнштајн?

**5. Кожинкова, Весна** (2024) *Отсутното и туѓото во земјата на бегалците.* „Палимпсест“, меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет, год. 9, бр. 18, стр. 95-104.

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги анализира темата на егзилот и обездомувањето кои стануваат сè поприсутни во современата светска литература. Причина за тоа, секако, се политичките случувања поради кои бездомништвото станува општа појава од 20 век наваму. Доказ за тоа се историите на некои заедници во кои ќе препознаеме колективни трауми кои за последица имаат експатријација, при што членовите на тие заедници стануваат апатриди. Во нашиот македонски случај таква колективна траума од поновата македонска историја е егзилот на Македонците од Егејска Македонија, кои во виорот на Граѓанската војна во Грција беа насилно прогонети и раселени насекаде по светот. Таа историска реалност создаде една посебна тематска целина во современата македонска литература позната како егејска тема. Романот „Земја на бегалците“ (2018) од Кица Колбе е книжевниот тестамент на егејските бегалци, книжевен тестамент на сите бегалци низ целиот свет, на сите прогонети, отфрлени, пребегани, понижени. Специфичноста на овој роман е тоа што тој свет на бегалците е даден од перспективата на детските очи, низ детското поимање на светот на возрасните и сите предизвици, искушенија и проблеми низ кои тие поминуваат. Тоа е чупката Фросе, првото родено дете по бегството, малата чупка која порасна предвреме и уште од малечка стана свесна дека ако само еден памети ништо не е загубено. На таков начин преку едно постмемориско присвојување на сеќавањето таа прави едно трансгенерациско поврзување. Нејзиното сеќавање на *радостагата* детска е нејзина своевидна катарза преку која таа дешифрирајќи го *Отсутното* конечно го надминува стравот од *Туѓото*.

6. **Кожинкова, Весна** (2025) *Враќање по изгубените траги: Егзодусот како идентитетска топографија*. Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев, Штип, Vol. XVI, No 25, стр. 47-56.

**Евалуација на трудот**: Овој труд го разгледува враќањето по егзодусот како процес на реконструкција на идентитетот преку културна меморија и простор. Враќањето не се сфаќа како физички чин, туку како симболичко патување низ сеќавањето, во кое бегалецот повторно го пронаоѓа својот дом во сеќавањето, јазикот и колективната меморија. Преку анализа на наративите на Егејските Македонци и нивните книжевни репрезентации, трудот ја разгледува топографијата на изгубените простори и начинот на кој се гради нова културна географија на припадноста. Новиот простор се освојува само со негово преклопување со стариот, кој воедно е и услов за негова рецепција. Всушност, враќањето има само една цел – надминување на траумата стекната со прогонството и во тоа е неговата единствена смисла. Во овој труд Кожинкова се обидува да даде одговор на повеќе прашања: Дали траумата може да се надмине? Дали враќањето ќе помогне овие осакатени, здробени луѓе да можат да го продолжат животот како нормални луѓе без траумата на обездомувањето? Дали конечно ќе го најдат своето дома и каде, всушност, ќе биде тоа? Одговорите на овие прашања се бараат преку следниве аспекти: а) Освојување на физичките белези на *дома*; б) Средбите; в) Надминување на траумата. Апликативниот материјал е позајмен од романите: *Ѕидови*, *Црвениот коњ* и *Време на молчење* од Ташко Георгиевски, *Граница* од Иван Чаповски и *Егејци* од Кица Колбе.

**III. Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции**

**7. Кожинкова, Весна** (2023). *Ацо Шопов во книжевната критика*, Зборник на трудови 50. Меѓународна научна конференција за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", стр. 386-400.

**Евалуација на трудот:** Овој труд го проследува поетското творештво на Шопов видено преку книжевната критика со посебен акцент на начинот на кој критичарите ги толкуваат неговите теми, јазикот со кои тие теми се остваруваат, влијанието на фолклорниот образец, како и неговата индивидуалност и оригиналност. Анализирани се сите фази од поетското творештво на Ацо Шопов и начинот на кој критиката ги нотира и вреднува. Низ тие критички согледби може да се доживее и целокупниот македонски книжевен амбиент. Преку анализата на критичките осврти на Димитар Митрев, Георги Старделов, Миодраг Друговац, Слободан Мицковиќ, Димитар Солев, Милан Ѓурчинов, Блаже Конески, Блаже Китанов, Соња Стојменска-Елзесер се следи поетиката на Ацо Шопов и неговиот подем низ сите негови развојни фази.

**8. Кожинкова, Весна** (2023). *Хетерологшките аспекти во поезијата на Ацо Шопов*. Зборник на трудови „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, Штип, стр. 383-393.

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги анализира хетерологшките аспекти во поезијата на Шопов кои се тесно испреплетени со културните и историските контексти во кои тој живеел и творел. Роден и израснат на Балканот, Шопов е под длабоко и силно влијание на сложената историја на регионот, различните култури и богатите книжевни традиции. Ова влијание е видливо во неговата поезија, која често ја одразува социјалната, политичката и религиозната динамика на Балканот и придонесува за подобро разбирање на уникатниот карактер на регионот. Неговиот престој во Сенегал, освен што придонесува за неговото запознавање со историјата и културата на таа земја, му помага поблиску и подлабоко да ја преиспита сопствената историја и историјата на својата земја и да ја издигне на едно универзално рамниште. Тоа го постигнува со важните топоси во неговата поезија: жената, љубовта и татковината обединети во Небиднината. Тој често вклучува митови, легенди и народни приказни во својата работа, истражувајќи ги врските помеѓу минатото и сегашноста, традицијата и модерноста. Црпејќи ги овие богати културни ресурси, Шопов создава единствен поетски универзум кој резонира со колективната меморија и имагинација на македонскиот народ. Поезијата на Шопов се карактеризира со својата иновативна и експериментална природа, бидејќи тој континуирано ги поместува границите на традиционалните поетски форми и стилови. Тој експериментира со различни форми како што се сонети, слободни стихови и прозни песни и честопати инкорпорирал неконвенционални техники како игра на зборови и неологизми. Овој креативен пристап придонесе за развојот на македонската поезија и го етаблира Шопов како пионерска фигура на книжевната сцена. Интертекстуалноста е уште една значајна карактеристика на поезијата на Шопов. Неговото дело често се занимава и упатува на други литературни текстови, како од македонската традиција, така и од други култури. Со вткајување на овие интертекстуални врски во неговите песни, Шопов воспоставува дијалог меѓу неговото дело и поширокиот литературен канон. Овој пристап не само што ги збогатува интерпретативните можности

на неговата поезија, туку и ја истакнува важноста на културната размена и дијалог во развојот на литературата. Таква е лирската, интимната биографија на овој маестрален поет, кој ја напиша стихозбирката *Песна на црната жена* (1976) како поетски тестамент од неговиот престој во Африка. Таму ќе го однесе неговото провидение за да пронајде својата праслика. И таму на тој древен континент, откривајќи го светот, ја открива татковината. Тоа е крстопатот на две *Другости* – сопствената и туѓата. Едната – црната Африка со сите нејзини симболи и предели, а другата – татковината, длабоко доживеана и штотуку откриена.

**9. Кожинкова, Весна** (2023). *Структуралистичкиот метод во наставата по литература*, Knowledge International Journal, Vol .61 No.5, Институт за менаџмент и знаење, стр. 917-922.

**Евалуација на трудот:** Овој труд го анализира структуралистичкиот метод во книжевната теорија и негова трансформација во наставен метод во современата наставна практика. Структуралистичкиот метод во книжевната теорија беше критикуван поради неговата претерана шаблонизираност, неисторичност и инсистирањето на длабинските структури на текстот за сметка на значењето. Меѓутоа, и покрај ваквите критики, сепак, структуралистичкиот метод како наставен метод им нуди разновидност на учениците во толкувањето на литературниот тест. Современата настава бара и современи и различни приоди кон уметничкиот текст. Таа без резерва треба да ги следи сите достигнувања во рамките на теоријата на книжевноста кои се однесуваат на толкувањето на уметничките дела. Токму затоа и методиката на наставата по книжевност има важна задача. Како синтетичка наука која обединува истражувања од повеќе научни дисциплини, таа треба да ги изнајде најсоодветните начини и методи литературата да се доближи до учениците. Од голема важност е наставната методологија која треба да утврди кои научни методи се најсоодветни во наставата по литература и нив да ги трансформира во наставни методи. Со други зборови, научната методологија да се замени со наставна. Имено, предмет на интерес на овој труд е да покаже како структуралистичкиот научен метод може да стане наставен, т.е. оперативен и како тој да им помогне на учениците во анализата на уметнички текст. Како апликативен материјал се користи романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски разработен според моделот кој го понуди Ролан Барт.

**10. Кожинкова, Весна** (2023) *Трансферот на културата во рамната земја,* Knowledge International Journal, Vol. 5, No. 5, Институт за менаџмент и знаење, Скопје, стр. 681-686.

**Евалуација на трудот**: Овој труд ги анализира последиците што ги има доживеано македонскиот народ од Граѓанската војна во Грција. Безброј македонски семејства под присила и закана беа принудени своите животни патеки да ги продолжат на други места, места кои во нивниот ментален код треба да го претставуваат нивниот нов дом. Загубата на татковината и домот станува реалност за Егејците. Како што потврдуваат историските записи, насила протераните својот живот го продолжуваат распослани по целиот свет. Еден дел од нив, животот го продолжуваат во другиот, слободниот дел на Македонија, кој тогаш беше составен дел на СФРЈ. Други, пак, се однесени во Војводина, во селата од каде што по ослободувањето се иселени Германците. Загубата на татковината човек го претвора во странец. Секогаш битисувајќи

на друго место, прави странецот да не припаѓа никаде. Загубената татковина во неговата ментална свест станува идеално место, место од соништата по кое постојано се копнее и тагува и место кое се претвора во посакуван модел на живеење. Започнува најмачниот, најдолгиот процес на нивно повторно вкоренување, процес на вселување на нова територија, усвојување на нова култура, а тој процес е долг. Започнува процесот на нивната акултурација. Трансферот на културните вредности и приемот на новите во новата средина кај бегалците резултира со враќање кон изворната култура на предците и живот во два паралелни света: стариот и новиот. Овој труд го следи тој процес врз примери од романи кои ја следат сагата за прогонството. Во воведот трудот го проследува историскиот фон на настаните кои го предизвикаа егзодусот, но и последиците кои произлегоа од него. Во текот на истражувањето се става акцент на допирот на бегалците со туѓото и непознатото. Така тие стануваат луѓе со лажна адреса. Едната во нивната ментална свест, во нивното доживување и битисување, а другата реална, фактичка, таа на која ќе треба да го продолжат својот на половина прекинат животен континуитет. Процесот на акултурација за егејските Македонци се покажа како неуспешен. И покрај сите нивни напори старото да го трансферираат во новото и така новото да го афирмираат како блиско и познато, ветерот на дедовците е потсетникот дека рамната земја не е нивната прадедова земја. Во неа ги нема вековните огништа кои се постојан потсетник дека некој тука бил пред нас исто како што и ние сме биле пред некој. Во нивниот ментален код се случува реактивирање на изворната култура како одговор на стресот предизвикан од акултурацијата со еден обратен процес каков што е анакултурацијата. Во основа, тоа не е ништо друго освен деасимилација и сочувување на културните и етничките вредности од заборавот.

**IV.Научни и стручни трудови во домашни публикации**

**11.Кожинкова, Весна** (2021). *Метафора на животот* (рецензија кон книгата „Метафора на животот... од корени до фиданки“ од Виолета Карагунова). Во: Виолета Карагунова. *Метафора на животот... од корени до фиданки*. Штип: „2-ри Август“, 2021, стр. 229-231.

**Евалуација на трудот:** Во рецензијата кон книгата „Метафора на животот... од корени до фиданки“ од Виолета Карагунова, д-р Весна Кожинкова го претставува најновото книжевно остварување на Виолета Карагунова и прави обид за негово жанровско определување. Тоа е текст во кој се испреплетуваат минатото и сегашноста, желбата да се проживее барем за миг тоа минато во сегашноста и да му се даде друга димензија. Имајќи ја предвид нерешителноста на авторката да даде прецизно жанровско определување, Кожинкова констатира дека таа нерешителност потекнува од хибридноста на ваквите жанрови, посебно оние кои реферираат кон субјектот, не исклучувајќи ја и животната стварност. Поттикот за пишување на оваа книга дава за право во овој текст да се препознае автобиографски дискурс, бидејќи во него раскажувачот ја обликува раскажувачката верзија за себе и за другите паралелно со истражувањето на елементите на сопствениот живот. Во писателскиот потфат на Карагунова се препознава едно интересно поврзување на двата типа автобиографски дискурс: есеистичко-рефлексивен и раскажувачки. Кожинкова заклучува дека станува збор за една автобиографија

како ретроспективен раскажувачки текст во кој некоја вистинска личност го раскажува сопственото живеење, нагласувајќи го својот личен живот, а посебно историјата на својата личност.

**12. Кожинкова, Весна** (2022). *Време минато... време сегашно* (рецензија кон книгата „Време минато... време сегашно“ од Невена Милева). Во: Невена Милева. *Време минато... време сегашно*. Штип: „2-ри Август“, 2022, стр. 87-89.

**Евалуација на трудот:** Во рецензијата кон книгата „Време минато... време сегашно“ од Невена Милева, д-р Весна Кожинова прави напор за литературно вреднување на текстот, имајќи го предвид фактот дека станува збор за автобиографска проза. Временскиот фактор е клучниот елемент при настанувањето на творби со ваков карактер. А бидејќи мемориските зафати настануваат во подоцнежниот живот на авторот, можни се, но и очекувани, одредени пропусти во смисла на сеопфатноста, зашто животот е река чии води во неповрат ги носат настаните и случувањата на еден човечки живот пред да успее меморијата тоа го задржи. Она што го возбудува интересот и вниманието на читателот е мошне лесниот приод кон содржината овозможен од нејзината композициска поставеност, лесниот и брзо прифатлив стил и сликовитоста на изразот кој без посебни тешкотии му овозможува на читателот брзо „влегување“ во делото. Целото дело, заклучува Кожинкова, всушност, е куса приказна на дел од еден човечки живот за кој слободно може да се каже дека вредел и дека е гордост да се живее.

**V. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

**13. Кожинкова, Весна** (2023). 50. Меѓународна конференција за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 1-3 септември.

**Евалуација на излагањето:** На 50. Меѓународна конференција за македонски јазик, литература и култура, одржана во Охрид на 1-3 септември 2023 година, насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова учествуваше со секциско излагање на тема „Ацо Шопов во книжевната критика“. Во текот на излагањето, откако даде преглед на поетското творештво на Ацо Шопов низ сите негови творечки фази, Кожинкова се задржа на рецепцијата на неговото творештво од страна на критиката. Преку повикување на повеќе критичарски авторитети од македонската книжевна критика преку трудот се доловува и македонскиот книжевен амбиент во процесот на создавањето и етаблирањето на современата македонска поезија.

**14. Кожинкова, Весна** (2023). Меѓународна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 25-26 мај.

**Евалуација на излагањето**: На Меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов“ насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова имаше секциско излагање на тема „Хетеролошките аспекти во поезијата на Ацо Шопов“. Откако претходно даде теориско исчитување на хетерологијата како слика за *Другиот* преку референтните теории на Даниел Анри Пажо, Волфганг Изер, Мартин Бубер, Кожинкова ја провери валидноста на овие теории врз поезијата на Ацо Шопов со акцент на збирките „Песна за црната жена“ (1976) и „Дрво на ридот (1980).

**15**. **Кожинкова, Весна** (2023). XLIII International Scientific Conference Knowledge in Practice, Банско, Република Бугарија, 15-17 декември.

**Евалуација на излагањето**: На Меѓународната научна конференција „Знаење во практика“ насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова имаше секциско излагање на тема „Структуралистичкиот метод во наставата по литература“. Излагањето имаше два дела. Во првиот дел Кожинкова го образложи структуралистичкиот метод како научен во современата теорија и начините и формите преку кои тој научен метод современата методичка наука го трансформира во наставен. Вториот дел е практичен и во него тој наставен метод е аплициран врз романот „Пиреј“ на Петре М. Андреевски.

**16. Кожинкова, Весна** (2023). XL International Scientific Conference Knowledge Without Borders, Соко Бања, Република Србија, 7-9 април.

**Евалуација на излагањето:** На Меѓународната научна конференција „Знаење без граници“ насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова имаше секциско излагање на тема „Трансферот на културата во рамната земја“. Во текот на излагањето Кожинкова дискутираше за вдомувањето како еден од модалитетите на домовноста. Во конкретниот случај овој модалитет на домовноста таа го претстави врз вдомувањето на Егејските Македонци во Војводина, по нивното насилно протерување од родните огништа. Апликативниот материјал врз кој се анализира овој модалитет е романот „Рамна земја“ од Ташко Георгиевски.

**17. Кожинкова, Весна (2025).** Меѓународна научна конференција „Јазиците и културите во времето и просторот“, Филозофски факултет, Нови Сад, Република Србија, 23-24 ноември.

**Евалуација на излагањето:** На 12. Меѓународна научна конференција „Јазиците и културите во просторот и времето“ насловен вонреден професор д-р Весна Кожинкова имаше секциско излагање на тема „Траумата и постмеморијата кај егејските бегалци“. Во овој труд Кожинкова ги анализира современите теории на траумата и постмеморијата како облик на трансгенерациско пренесување на траумата. Овие теории таа ги разгледува и аплицира врз романот „Простување“ од Кица Колбе.

**VI. Д-р Весна Кожинкова како рецензент на трудови во меѓународно научно списание**

**18. Кожинкова, Весна** (2021). *Рецензент на четири научни труда* во меѓународното научно списание „Палимпсест“ (Филолошки факултет, Штип): две рецензии во единаесеттиот број (год. VI, бр. 11, 2021) и две рецензии во дванаесеттиот број на списанието (год. VI, бр. 12, 2021).

**19. Кожинкова, Весна** (2022). *Рецензент на два научни труда* во тринаесеттиот број на меѓународното научно списание „Палимпсест“ од Филолошкиот факултет во Штип (год. VII, бр. 13, 2022).

**20. Кожинкова, Весна** (2023). *Рецензент на четири научни труда* во меѓународното научно списание „Палимпсест“ (Филолошки факултет, Штип): две рецензии во петнаесеттиот број (год. VIII, бр. 15, 2023) и две рецензии во шеснаесеттиот број на списанието (год. VIII, бр. 16, 2023).

**21. Кожинкова, Весна** (2024). *Рецензент на два научни труда* во осумнаесеттиот број на меѓународното научно списание „Палимпсест“ од Филолошкиот факултет во Штип (год. IX, бр. 18, 2024).

**22. Кожинкова, Весна** (2025). *Рецензент на два научни труда* во деветнаесеттиот број на меѓународното научно списание „Палимпсест“ од Филолошкиот факултет во Штип (год. X, бр. 19, 2025).

### 3. *Стручно-апликативна дејност на д-р Весна Кожинкова*

Во текот на својата долгогодишна професорска кариера д-р Весна Кожинкова е дел од повеќе активности кои се во функција на нејзиниот професионален развој: креативна настава и учење; подготовка за вработување и работа; кариерно советување на учениците; модернизација на образованието; медиумска култура во средното образование; примена на современите техники во наставата.

Во Гимназија „Славчо Стојменски" каде што професионално беше ангажирана како професор по Македонски јазик и литература активно беше вклучена во повеќе активности и проекти: а) Активности во насока на имплементација на модулите за стекнување на потребните вештини кај младите за подобро снаоѓање на пазарот на трудот, во процесот на барање работа и вработување и кариерно советување и професионална ориентација; б) Учество на јавна дебата за зголемување на свесноста и информираноста за националниот систем на квалификации помеѓу голем број чинители на локално ниво и размена на мислења, соработка и поддршка за имплементација на НРК, во рамките на твининг-проектот финансиран од ЕУ „Понатамошно подобрување на системот на развој и имплементација на Националната рамка на квалификации – НРК"; в) Присуство и активно учество на дебатата под наслов „5 до 12 за реформи", по повод Светски ден на учителот; г) Активно учество на конференцијата „Зајакнување на ученичкото учество во процесот на донесување на одлуките во средните училишта" и евентуалните предизвици при имплементација на измените во Законот за средно образование во делот на ученичкото учество во донесување на одлуките, организирана од страна на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Здружението „Лидери за едукација, активизам и развој" (LEAD), во соработка со Министерството за образование и наука на Македонија; д) Учество во проектот „Младите и нивните погледи за Европската Унија", во организација на EUHOUSE, со учество на амбасадорот на ЕУ, Семјуел Жбогар, и амбасадорот на Шпанија, Емилио Лоренцо Сера; ѓ) Обука за работа со Училишната младинска заедница, работилници за користење на алатки од неформално образование и младинска работа, во формално-образовниот процес преку искуствено учење, конструктивна комуникација, правото на избор, врсничко насилство и зачувување на животната средина.

Во 2019 година како учесник во проектот „Иновации во наставата" на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е ангажирана да изврши дисеминација на обуката пред помладите наставници. Од зимскиот семестар на академската 2017/2018 година е ангажирана како стручно лице од пракса по предметите *Теорија на методиката по македонски јазик* и *Практика на методиката по македонски јазик*. Исто така, од 2010 година до 2025 година Кожинкова беше наставник-ментор на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

На Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип моментално одржува настава по предметите Македонска книжевност од XV до XVIII век, Методика на наставата по книжевност, Синтакса на македонскиот јазик 1 и Синтакса на македонскиот јазик 2. Во 2022 година д-р Кожинкова објави, во електронска форма на веб-порталот на Универзитетот

„Гоце Делчев“ во Штип, две мошне значајни учебни помагала: скриптата „Македонска книжевност XV-XVIII век“, како и „Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век“. Освен тоа, била член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови, член на комисија за одбрана на магистерски труд, а повеќепати е ангажирана и како рецензент на научни и стручни трудови во меѓународното научно списание „Палимпсест“ што веќе десет години се издава на Филолошкиот факултет во Штип.

**VII.Рецензирани учебни помагала (скрипта и практикум)**

**23.Кожинкова, Весна** (2022). *Македонска книжевност XV-XVIII век* (рецензирана скрипта). 1-73. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“. DOI: https:www.doi.org/10.46763/9786082449197; ISBN 978-608-244-919-7.

**Евалуација на трудот:** Скриптата со наслов „Македонска книжевност XV-XVIII век“ од д-р Весна Кожинкова е изработена според Предметната програма за студискиот курс Македонска книжевност XV-XVIII век и е наменета за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со ова учебно помагало авторката дава значаен прилог во истражувањата поврзани со историјата на македонската книжевност, затоа што станува збор за период од книжевноста и воопшто од културата во Македонија кој до неодамна не беше доволно проучуван. Содржината на оваа скрипта укажува на тоа дека д-р Кожинкова детално го проучила и го истражила развојот на македонската книжевност во времето од 15 до 18 век за што говори и системското претставување на книжевно-културните процеси и на дејците од овој период. Авторката, на пример, детално ја разработува дејноста на Кратовскиот книжевен центар (со дејците Димитар Кратовски, Јоан Кратовски и Мардариј Серски), како и на Слепченскиот книжевен центар со посебно внимание врз дејноста на Висарион Дебарски. Освен тоа, авторката ја елаборира врската меѓу фолклорот и книжевните писмени споменици од 15 до 18 век, а се осврнува и на просветителските процеси во Македонија во овој значаен период од развојот на македонската книжевност. Сиот овој книжевно-историски материјал во скриптата е збогатен и со педагошко-дидактички материјал во форма на прашања и задачи што, секако, во голема мера ќе им биде од полза на студентите во совладувањето на материјата од развојот на македонската книжевност од 15 до 18 век.

**24. Кожинкова, Весна** (2022). *Практикум по Македонска книжевност XV-XVIII век* (рецензирано учебно помагало). 1-67. Штип: Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“. DOI: https:www.doi.org/10.46763/9786082449203; ISBN 978-608-244-920-3.

**Евалуација на трудот**: Овој *Практикум* на д-р Весна Кожинкова претставува, всушност, прилог кон скриптата „Македонска книжевност XV-XVIII век“ со чија помош студентите ќе бидат активно вклучени во наставата во согласност со барањата на современата високообразовна дејност. Во ова учебно помагало се поместени повеќе текстови пренесени на македонски стандарден јазик со што студентите имаат можност да се запознаат со книжевната продукција на писателите од 15 до 18 век. Прашањата и задачите во овој *Практикум* се конципирани на таков начин што студентите, освен што

ќе ја совладуваат конкретната програма, ќе можат да ги практикуваат веќе стекнатите знаења по одредени предмети, но истовремено ќе стекнат знаења и компетенции кои во иднина успешно ќе ги интегрираат и во други содржини. Напорот на авторот на овој *Практикум* е насочен кон интертекстуално поврзување на конкретните писмени споменици со текстови од постар датум, но и со книжевно-уметнички дела од современата македонска литература. Тоа ќе им помогне на студентите да ги сфатат и да ги восприемаат книжевните процеси од овој период како една своевидна база на современата македонска книжевност.

**VIII. Учество/член во факултетски комисии**

**25. Член на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Милена Тасева на тема „Драмските специфики во ʼИлинденʻ од Никола Киров Мајски" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 28.9.2022 година);

**26. Член (претседател) на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Ана Рувиноска на тема „Пропаѓањето на феудалната аристократија во романот ʼПоследните Стипанчиќевциʻ од Вјенцислав Новак (општествено-политичките состојби и нивните реперкусии во развојот на ликовите" (Одлука бр. 1903-150/1 од 6.10.2022 година; одбраната на овој дипломски труд е одржана на 17.10.2022 година).

**27. Член (претседател) на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Валентина Ристова на тема „Драмските структури во 'Црне Војвода' од Марко Цепенков" (Одлука бр. 1903-53/1 од 27.2.2023 година);

**28. Член (претседател) на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатот Емил Павлов на тема „Ликот на Теута како кралица и жена – осврт кон драмата 'Теута' од Димитрије Деметар" (Одлука бр. 1903-230/1 од 11.12.2023 година);

**29. Член (претседател) на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Даниела Јосифова на тема „Драмските стапици во трагедијата 'Парите се отепувачка' од Ристо Крле" (Одлука бр. 1903-232/1 од 30.10.2024 година).

**30. Член на Комисија** за одбрана на магистерски труд на кандидатката Софија Иванова на тема „Синонимните ликови во македонската драма од првата половина на 20 век" (Одлука бр. 1902-71/17 од 19.3.2025 година).

***4. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Весна Кожинкова***

Предочениот детален приказ и евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката д-р Весна Кожинова покажува дека кандидатката има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Кожинкова стекнувала наставни вештини и во основното и во средното и во високото образование – како професор по предметот Македонски јазик и литература, но и по предмети од студиските програми на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката и во научноистражувачката работа, а учеството во

голем број активности во функција на унапредување на образованието, но и на нејзиниот личен професионален развој, како и двете објавени учебни помагала (скрипта и практикум) наменети за наставата во високото образование сведочат за една богата и продуктивна стручно-апликативна дејност на д-р Весна Кожинкова.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека д-р Весна Кожинкова во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање вонреден професор предвидени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, како што може да се види од предочените факти погоре, д-р Весна Кожинкова има наставно искуство во основното и во средното образование, како и учество во повеќе стручно-апликативни активности. Во текот на професионалниот развој може да се констатира и нејзиниот перманентен научен подем што може да се види од трудовите објавени во стручни списанија, во меѓународни научни списанија и публикации, како и авторство на една книга. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатката на меѓународни научни конференции. Сето тоа покажува дека кандидатката д-р Весна Кожинкова постигнала завидни резултати.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во Штип **да го усвои овој Извештај и кандидатката д-р Весна Кожинкова да биде избрана во наставно-научното звање вонреден професор за наставно-научната област македонска книжевност (6.02.02.01) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Ранко Младеноски, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, ред. професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Махмут Челик, редовен професор, член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**
**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

(Табела за вреднување на активностите на д-р Весна Кожинкова во периодот од ноември 2020 до ноември 2025 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во **насловно звање – доцент** (Универзитетски билтен бр. 210 од април 2018 година; Одлука бр. 1902-132/11 од 22.5.2018 година од ННС на Филолошкиот факултет во Штип) | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО НО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга **Труд под ред. бр. I: 1.** | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (еден автор) **Трудови под ред. бр. II: 2, 3, 4, 5, 6.** | 5 | 9 | | | 45 |
| 3. | Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции **Трудови под ред. бр. III: 7, 8, 9, 10.** | 4 | 2 | | | 8 |
| 4. | Учество (секциско предавање) на меѓународни научни конференции **Активности под ред. бр. V: 13, 14, 15, 16, 17.** | 5 | 2 | | | 10 |
| 5. | Рецензент на научни трудови во меѓународно научно списание **Активности под ред. бр. VI: 18, 19, 20, 21, 22.** | 14 | 1,5 | | | 21 |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **94** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Член на факултетски комисии **Активности под ред. бр. VIII: 25, 26, 27, 28, 29, 30.** | 6 | 2 | | | 12 |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **12** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30(НО)+94(НИ+СУ)+12(СА+ОР)=136** | | | | |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО БИОФАРМАЦИЈА И ФАРМАКОКИНЕТИКА“ ОД РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р КАТАРИНА СМИЛКОВ, НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА АТАНАСОВА-ЛАЗАРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2002-267/37 од 348. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 14.11.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Кристина Младеновска, редовен професор за наставно-научна област биофармација и фармацевтска хемија, според меѓународната Фраскатиева класификација и
- проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, редовен професор за наставно-научна област фармацевтска токсикологија и применета хемија и фармацевтски анализи, според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по Биофармација и фармакокинетика“ од редовен проф. д-р Катарина Смилков и насл. доц. д-р Марија Атанасова-Лазарева, наменет за студентите од интегриран прв и втор циклус студии по Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на практикумот: „Практикум по Биофармација и фармакокинетика“.

Наслов на предметот: Биофармација со фармакокинетика, со неделен фонд на часови 3+3+0, осми семестар, студиска програма Фармација на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Име и презиме на авторите: редовен проф. д-р Катарина Смилков и насл. доц. д-р Марија Атанасова-Лазарева.

Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот се состои од 91 страници во А4 формат и содржи 13 слики и 22 табели, графици за скицирање на резултатите добиени од експерименталните симулации, како и симулациите изведени со Microsoft Excel. Користена е литература од релевантни извори на информации презентирана преку 21 референци. Според обемот на содржината, соодветно на фондот на часови, ги задоволува критериумите според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” и овозможува комплетно покривање на предвидената предметна програма.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Факултетот за медицински науки при Универзитет Гоце Делчев – Штип и на Е-библиотека нема објавено ваков или сличен наслов на практикум кој се однесува на материјал за изведба на практичната настава од областите биофармација и фармакокинетика. Практикумот во својата содржина обезбедува продлабочување на теоретските и стекнување на практични знаења од областа на биофармацијата и фармакокинетиката, преку внимателно избрани тематски целини. Како таков, претставува есенцијално помагало за изведба на практичната наставата на студентите кои го изучуваат овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Практикумот обработува содржини кои се поделени во вкупно дванаесет тематски целини.

Во првата вежба „Вовед во биофармација и фармакокинетика, графичко претставување на податоци и статистичка обработка" се опфатени основните математички пресметки неопходни за добивање и прикажување на фармакокинетските параметри, како и принципите на графичко прикажување на експериментални податоци. Во рамките на практичниот дел, студентите изведуваат регресиона анализа користејќи ја програмата Microsoft Excel и изработуваат линеарни и семилогаритамски графички прикази, кои се користат за интерпретација на добиените фармакокинетички резултати.

Во втората вежба „Врзување на лекови со протеини – одредување на обемот на врзување на салицилна киселина со протеини" е презентирана практична изведба на методот на рамнотежна дијализа, преку кој се испитува врзувањето на лековите за плазматските протеини, преку примерот со салицилната киселина. Изведбата на оваа вежба овозможува следење на влијанието на степенот на врзување врз дистрибуцијата на лекот во организмот.

Во третата вежба со наслов „Администрација на интравенски (i.v.) болус во еднопросторен фармакокинетски модел – одредување на клучните фармакокинетски параметри" се објаснети математичките основи за пресметка на основните фармакокинетски параметри волумен на дистрибуција (Vd), константа на брзина на елиминација (k), полувреме на елиминација ($t_1/_2$), клиренс (CL) и површина под крива (AUC) во еднопросторен модел, а дополнителните активности овозможуваат совладување на вештини за интерпретација на фармакокинетичките параметри по i.v. болус администрација.

Четвртата вежба „*In vitro* симулација на администрација на интравенски болус во еднопросторен фармакокинетски модел – одредување на клучните фармакокинетски параметри од податоци во плазма и урина" обезбедува насоки за практична симулација на интравенска администрација на единечна доза лек и дистрибуција во еднопросторен модел. По изведбата на вежбата, дадени се насоки за пресметка на фармакокинетски параметри, по анализа на концентрациите на лекот во плазма и урина.

Петтата вежба „Симулација во Microsoft Excel на интравенски болус во еднопросторен модел" обезбедува насоки за практични пресметки со помош на Microsoft Excel, насочени кон анализа на влијанието на промените на дозата, клиренсот и волуменот на дистрибуција врз концентрацијата на лекот во плазмата.

Во шестата вежба „*In vitro* симулација на администрација на континуирана интравенска инфузија во еднопросторен фармакокинетски модел" се дадени насоки за изведба на симулација на интравенска инфузија,

по што се следи постепеното зголемување и постигнување на рамнотежна концентрација на лекот во плазмата. Преку анализа на експерименталните податоци се пресметуваат основни фармакокинетски параметри, односно константа на брзина на елиминација, волумен на дистрибуција и рамнотежна концентрација.

Во седмата вежба „Симулација во Microsoft Excel на континуирана интравенска инфузија во еднопросторен фармакокинетски модел“ се обезбедуваат насоки за практична примена на Microsoft Excel за изведување на основните фармакокинетски параметри. Притоа, се овозможува анализа на промените на дозата, клиренсот и волуменот на дистрибуција врз концентрацијата на лекот во плазмата и времето потребно за постигнување рамнотежна концентрација.

Осмата вежба „Орална администрација на лек - одредување на клучните фармакокинетски параметри“ обезбедува практични насоки за разбирање и совладување на начинот за пресметка на фармакокинетските параметри по орална администрација на лек во Microsoft Excel, користејќи го Wagner–Nelson моделот.

Во деветтата вежба „Симулација во Microsoft Excel на орална администрација на лек во еднопросторен фармакокинетски модел“ се обезбедуваат насоки за практична примена на Microsoft Excel за пресметка на основните фармакокинетски параметри. Преку промени на различни параметри (доза, константата брзина на апсорпција и фракција на апсорбиран лек) се следи влијанието на истите врз почетната концентрацијата, нејзината промена тек на време, максималната концентрација во плазма, $T_{max}$, AUC и $t_{1/2}$, што овозможува подлабоко разбирање на фармакокинетските особености поврзани со орална администрација на лек.

Во десеттата вежба „Симулација во Microsoft Excel на повеќекратно дозирање на лек во еднопросторен фармакокинетски модел“ се дадени насоки за начинот на пресметка на фармакокинетски параметри после повеќекратна администрација на лек. Дополнително примената на Microsoft Excel се користи за симулирање на промена на интервал на дозирање, клиренс и волумен на дистрибуција, што обезбедува подлабоко разбирање на влијанието на истите врз $C_{max}^{\infty}$, $C_{min}^{\infty}$, $C_{av}^{\infty}$, како и феномените на флуктуација на концентрации и акумулација на лек.

Во единаесеттата вежба „Испитување на влијанието на фармацевтско-технолошки фактори врз обемот на ослободување на лек“ студентите изведуваат *in vitro* тест за брзина на растворување на комерцијално достапни таблети парацетамол. Преку споредба на резултатите добиени при изведба на тестот на таблети од два различни производители и анализа на декларираниот состав се следи влијанието на ексципиенсите врз брзината и степенот на ослободување на активната супстанција.

Во последната вежба „Биорасположливост - *in vitro* / *in vivo* корелација“ се дадени насоки за математичко определување на апсолутна и релативна биорасположливост на испитуван лек во споредба со референтен лек. Дадени се насоки за евалуација на значењето на анализата на *in vitro* податоци добиени од тест за брзина на растворување и нивна поврзаност со *in vivo* однесувањето на лекот.

Литературата која е користена и цитирана на крајот од практикумот е со релевантна содржина, понов датум и истата е соодветна на темите обработени во овој практикум, како и на областа на кој истиот припаѓа.

**ЗАКЛУЧОК**

Предложениот практикум е учебно помагало чие објавување е од суштинско значење за реализација на практичната настава за предметот Биофармација и фармакокинетика на студиската програма Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Содржината е јасно структурирана во дванаесет тематски целини и е во согласност со предметната програма. Овој практикум на систематски и применлив начин ги обработува клучните биофармацевтски и фармакокинетички концепти, вклучувајќи in vitro и in vivo симулации, пресметка на основни фармакокинетски параметри, анализа на биорасположливост и in vitro–in vivo корелација. Практикумот методолошки ја следи предметната програма, комбинирајќи теоретски основи со практични лабораториски и компјутерски симулации, со што им овозможува на студентите да развијат вештини за подлабоко разбирање и поврзување на фармакокинетските параметри со различните видови на администрација на лековите и нивното влијание врз терапевтските ефекти на лековите.

Врз основа на горенаведено може да се заклучи дека ракописот со наслов „Практикум по Биофармација и фармакокинетика“ од авторките редовен проф. д-р Катарина Смилков и насл. доц. д-р Марија Атанасова-Лазарева ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензиран практикум. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронско учебно помагало (практикум) на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Кристина Младеновска, с.р.

Проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПЕДАГОГИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА КАМЧЕВА-ПАНОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и врз основа на Одлуката бр. 1902-214/5 од 317. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 15.10.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Анета Баракоска, редовен професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
- проф. д-р Борче Костов, редовен професор на Филозофски факултет, Институт за педагогија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Педагогија" од авторката проф. д-р Лидија Камчева-Панова, наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Педагогија" припаѓа во научната област педагогија според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Понудениот ракопис за учебник од авторката проф. д-р Лидија Камчева-Панова со наслов „Педагогија" претставува вреден и стручно оформен придонес во областа на педагогијата, особено за студентите кои своето академско патување го остваруваат во педагошката професија. Во него авторката настојува да изгради цврста основа за разбирање на основите, принципите, процесите и ориентациите на педагошката наука, нудејќи структуриран, јасен и систематски пристап кон областа на воспитанието и образованието. Конципиран како сигурен придружник на студентите, учебникот не само што го поддржува нивниот првичен влез во теориските темели на педагогијата, туку претставува и подлабоко аналитично упатство за оние кои сакаат подлабоко да навлезат во педагогијата како наука. Ракописот е структуриран во четири главни теми (поглавја) и предговор. Главните теми се систематизирани со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата во која се истражуваат повеќе значајни прашања поврзани со педагошката наука. Посебен составен дел на книгата е понудената литература од релевантни извори кои ја имаат функцијата на проширување на стекнатите знаења и продлабочување на поимите од областа на педагогијата. Учебникот е прво издание и неговата структура е дизајнирана во согласност со содржината на предметната програма Педагогија за *III студиска година V семестар*, со неделен фонд на часови *2+2* за студентите на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Приложениот ракопис е во согласност со Предметната програма за студискиот предмет Педагогија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот на проф. д-р Лидија Камчева-Панова е обработени на 147 страници, со компјутерски обликуван текст, А4 формат и според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран учебник во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Овој академски учебник има јасно формулирана цел - да обезбеди научна основа и да биде инспиративен извор за студентите, наставниците и практичарите. Во ракописот особено впечатливо е интегрирањето на современите педагошки сознанија со што се потенцира потребата наставата да биде научно аргументирана и вредносно чувствителна, структурно јасна, логична и мотивациски насочена. Авторката со истражувачка прецизност и аналитичка длабочина успева да создаде дело кое не се ограничува само на теоретски рамки, туку има и практична вредност за воспитно-образовната работа. Ракописот се карактеризира со систематичен пристап, со јасна структура и со балансирано третирање на темите, што ја прави применлива и во академскиот дискурс и во педагошката практика.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник ќе биде голем придонес поради тоа што досега не е издаден учебник по Педагогија кој би бил наменет за студентите од Филолошки факултет - наставна насока. Содржината на учебникот промовира пристап кој произлегува од потребата воспитно-образовниот систем да одговори на современите предизвици, како во поглед на пренесувањето на знаењата, така и во формирањето и развојот на личноста на младите генерации. Педагогијата, разгледувана низ призмата на оваа книга, се појавува како релевантен и суштински елемент кој нуди јасни сознанија, искуства, размислувања и знаења за воспитанието, воспитните феномени и процеси. Ваквиот пристап овозможува книгата да има двојна вредност: да служи како темелен теоретски ресурс за студентите кои ги совладуваат основите на педагошката наука, но и како практичен прирачник за наставниците кои ја реализираат наставата во конкретен образовен контекст. Со тоа, учебникот станува релевантен и во сферата на академската подготовка и во доменот на реалната наставна практика.

**Краток опис на содржината:** Во почетокот на учебникот е дадена содржината со што се олеснува прегледот и ориентацијата на студентите во понудениот материјал од учебникот. Веднаш потоа е даден еден автентичен предговор во кој авторката го образложува значењето и актуелноста на темата, како и содржината на којашто е посветена. Авторката го акцентира фундаментално значење на педагошката наука, кој има за цел да обезбеди научна основа и да биде инспирација за сите што сакаат да ја истражат длабочината и богатството на воспитано-образовните феномени, принципи, процеси и методи.

Во првото поглавје под наслов „*Вовед во педагогијата*“ авторката поставува темелна рамка за разбирање на педагошката наука, при што успешно го разработува историскиот, поимниот и аспектот на педагошките дисциплини. Текстот се одликува со концепциска целосност и структурирана логичка поставеност. Во делот за местото на педагогијата во системот на општествени науки, авторката дава прецизно појаснување на етимолошкото значење на терминот педагогија, придружено со историски контекст и развој

на дисциплината. Добро е истакнато конституирањето на педагогијата како самостојна наука и нејзиниот нормативен, апликативен и вредносен карактер. Разработката за системот на педагошки дисциплини е содржајно богата и јасно ги диференцира општите и специјализираните гранки на педагогијата. Деталното претставување на дисциплините (предучилишна, училишна, андрагогија, семејна, специјална, футуролошка итн.) му овозможува на читателот целосна слика за широчината и комплексноста на воспитно-образовното подрачје. Потпоглавјето педагогијата и другите науки дава аналитички преглед на интердисциплинарната поврзаност на педагогијата со филозофијата, социологијата и психологијата. Авторката успешно ги истакнува точките на преплетување, како и значењето на другите научни дисциплини за развојот на педагошката теорија и практика. Во делот посветен на историјата на педагогијата, рецензентски позитивно се оценува јасната периодизација, користењето релевантна литература и акцентот на критичкото вреднување на педагошкиот развој како предуслов за современите истражувачки перспективи.

Целото поглавје е напишано јасно, стручно и со добро избалансиран теориски пристап. Текстот претставува квалитетен вовед во темата, со висока информативна вредност за студентите и истражувачите во областа на педагогијата.

Второто поглавје под наслов „*Воспитание, воспитен процес и воспитен систем*“ дава темелна, широка и добро систематизирана анализа на поимот воспитание, третирајќи го како сложен, историски условен и општествено детерминиран педагошки феномен. Авторката успешно ги интегрира класичните и современите педагошки теории, нудејќи компаративен преглед на различни дефиниции, од традиционалните (лексиконски, енциклопедиски) до поновите хуманистички и системски пристапи.

Истражувањето на воспитанието е обработено интердисциплинарно, со јасно прикажување на неговите основни значења - како процес, резултат, институција, социјален однос и општествена појава. Поглавјето е збогатено со релевантни авторитети: Трнавац, Поткоњак, Антонијевиќ, Миларет, како и класиците на педагогијата, што му дава силна теориска втемеленост.

Посебна вредност има делот каде воспитанието се анализира преку генерациски, индивидуален и интеракциско-комуникациски аспект, што овозможува длабоко разбирање на неговата сложеност и функција во развојот на личноста и општеството. Акцентот на хуманистичкиот развој, развојот на личноста како субјект и објект на воспитанието, и врската меѓу индивидуалниот раст и општествените услови е во склад со современите тенденции во педагогијата.  Делот поврзан со темата за формулирањето на општата воспитна цел е коректно презентиран, при што авторката доследно ја разработува нејзината операционализација и конкретизација, укажувајќи дека постојат повеќе пристапи кон поделбата на воспитните задачи. Посебно позитивно се оценува систематското разгледување на воспитанието преку петте традиционални вида - физичко и здравствено, интелектуално, морално, работно-техничко и естетско воспитание - што овозможува јасна и сеопфатна претстава за сестраниот развој на личноста. Авторката успешно укажува на динамичниот развој на педагогијата и на постепеното проширување на поимот воспитание, надминувајќи ја традиционалната поделба на пет вида

воспитание. Позитивно се оценува вклучувањето на современи воспитни домени - еколошко воспитание, воспитание за демократија, ненасилство, мир и човекови права - кои ја рефлектираат актуелната општествена и образовна реалност. Дополнителна вредност претставува концептуалната класификација што авторот ја нуди, при што сите овие воспитни аспекти се групираат во егзистенцијално, социјално и хуманистичко воспитание, што овозможува јасно теориско организирање и подлабоко разбирање на современите воспитни потреби.

Поглавјето е концепциски целосно, јасно структурирано и научно аргументирано, со логичен премин од теориски определби кон практични импликации. Со тоа претставува значаен придонес кон разбирањето на воспитанието како фундаментална категорија на педагогијата и дава стабилна основа за понатамошните делови од трудот.

Третото поглавје под наслов *„Училиштето како институција“* претставува сеопфатен и систематизиран преглед на развојните теории на училиштето, обработувајќи ги клучните педагошки пристапи од духовно-научната педагогија, структурираниот функционализам, интеракционизмот, па сè до радикалната критика на формалното образование. Авторката умешно ги поврзува историските, теориските и социолошките основи на училиштето како институција, притоа нудејќи јасни описи на придонесите на Дилтај, Парсонс, Мид, Фреире, Илиќ и други релевантни автори. Ракописот се одликува со јасна структура, богата теоретска аргументација и добра интеграција на современи и класични извори. Особено се издвојува способноста да се прикажат сложените концепти на училишната теорија на разбирлив и аналитички начин, како и нагласувањето на врската меѓу историскиот развој на училиштето и општествените процеси. Текстот нуди темелна и систематизирана анализа и на развојот на концептот „отворено училиште“, заснована на историски, филозофски и современи педагошки извори. Авторката со јасна аргументација ги поврзува идеите на Дјуи со прогресивистичката педагогика и ги истакнува клучните разлики меѓу традиционалното и отвореното образование. Посебна вредност на трудот е внимателната елаборација на односите меѓу училиштето, родителите и локалната заедница, со нагласени форми, услови и ефекти од соработката. Текстот е концептуално добро структуриран, теоретски заснован и практично применлив, со јасни педагошки импликации за современото училиште и неговата трансформациска улога. Во целина, ова поглавје претставува значаен и вреден придонес за разбирање на училиштето како институција и за продлабочување на теоретските основи и сознанија за педагошката наука.

Во четвртото поглавје кое носи наслов *„Воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија“* се разгледува прашањето на структурата и развојните политики на воспитно-образовниот систем во нашата држава. Авторката изнесува јасна и логички организирана анализа на потсистемите (предучилишно, основно, средно, високо образование и образование на возрасни), при што ги вклучува релевантните законски решенија, стратегии и концепциски документи кои го обликуваат современиот македонски образовен контекст. Материјалот е конзистентен, фактички прецизен и објаснувачки ориентиран, со нагласок на историските реформи, стратешките цели и актуелните предизвици во образовниот систем. Во ракописот на

систематски, јасен и прегледен начин се разгледува и проблематиката за планирањето на наставата во основното и средното образование, засновано на актуелната законска и педагошка рамка. На содржински план, текстот добро ги разграничува и објаснува клучните поими - наставен план, наставна програма и нивната улога во воспитно-образовниот процес. Посебна вредност претставува деталното опишување на резултатите од учењето, стандардите за оценување и современите пристапи како спирален курикулум, мултидисциплинарна и трансдисциплинарна интеграција. Делот за планирањето (годишно, тематско и дневно) е структуриран и практично ориентиран, со јасно укажување на процесно-развојната логика на современата дидактика. Текстот е информативен, методолошки кохерентен и со висока практична применливост за наставници, воспитувачи, педагози и стручни соработници. Во ова поглавје се разгледува и прашањето за управување и раководење со училиштата, заснован на актуелната законска регулатива и релевантната педагошка литература. На јасен и структуриран начин се разработуваат улогите, составот и надлежностите на училишниот одбор, директорот и советот на родители, при што се обезбедува добра аналитичка рамка за функционирањето на клучните органи во училиштето. Делот за човечките ресурси е содржаен и информативен, со посебен акцент на професионалниот и кариерниот развој на наставниците - област обработена со актуелни законски упатувања и други релевантни извори. Текстот е јасен, аргументиран и со висока практична применливост за студенти, педагози, наставници, воспитувачи, директори и носители на образовни политики.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Понудениот ракопис за учебник од авторката проф. д-р Лидија Камчева- Панова, со наслов **„Педагогија“**, претставува современ и стручно уреден учебник кој успешно ги интегрира теоретските и практичните аспекти на педагошката наука. Содржината на ракописот претставува заокружена, тематски конзистентна и научно заснована целина, која во целост ги обработува клучните содржини од областа на педагогијата, управувањето и современите образовни политики. Авторката демонстрира високо ниво на теоретска информираност, методолошка прецизност и педагошка јасност, што се одразува во уредена структура, логично поврзани тематски единици и доследна научна аргументација.

Од анализата на понудените наслови и содржини е евидентна микроелаборацијата на проблемот аспектиран како систем од повеќе поими и носечки категории суштествени за педагошката наука. Оваа книга ја надминува рамката на едно стеснето академско истражување и се позиционира како корисен ресурс за пошироката општествена и научно-стручна јавност.

Во приодите и елаборацијата на проблемите, авторката користи мошне егзактен јазик и јасен стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, поврзување, споредување, спротивставување и корелација на сите поими со цел корисниците на книгата да добијат знаења кои се систематизирани според нивното потекло, генеза, значење и меѓузависност. Ваквиот начин на третирање на проблемите обезбедува сознајно-структурална анализа која овозможува трајни знаења, учење со разбирање и современ третман на педагошката наука.

Овој ракопис, според својата структура и намена ќе биде од големо значење за студентите од Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип , но и за пошироката популација на студенти кои се заинтересирани за изучување на педагошката проблематика.

Врз основа на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство предлагаме ракописот „*Педагогија*" од проф. д-р Лидија Камчева-Панова да се прифати за објавување како електронски учебник на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Учебникот ги исполнува сите  критериуми на академска релевантност, стручност, квалитет и педагошка применливост.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Борче Костов, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УЧЕБНИКОТ „ЕЛЕКТРОКАРДИОГРАФИЈА" ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА-МИХАИЛОВА И НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р АЛЕКСАНДАР СЕРАФИМОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-232/39 од 346. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 30.9.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марија Вавлукис, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, избрана во наставно-научните области кардиологија и геријатрија;
- д-р Јорго Костов, вонреден професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, избран во наставно-научните области кардиологија и геријатрија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник **„Електрокардиографија"** од **вонреден професор д-р Гордана Камчева-Михаилова и насловен доцент д-р Александар Серафимов,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Учебникот со наслов „Електрокардиографија" припаѓа во научната област кардиологија (3.02.00.02) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на учебникот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за учебникот**: Учебникот со наслов „Електрокардиографија" од вонреден професор д-р Гордана Камчева-Михаилова и насловен доцент д-р Александар Серафимов е наменет за задолжителниот предмет Интерна медицина 1 за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Предметот според Наставната програма е предвиден да се слуша во седмиот семестар за студентите на Општа медицина, со неделен фонд на часови кој изнесува 4+4+1 во рамките на предметот Интерна медицина 1, област кардиологија. Исто така, овој учебник е предвиден и за студентите од втор семестар на Општа медицина со неделен фонд на часови (2+1+1), во рамките на предметот Вовед во клиничка пракса, како и студентите од петти семестар на Општа медицина со неделен фонд на часови (2+2+1) во рамките на предметот Клиничко испитување 1.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на интерпретација на електрокардиограм.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 450 страници, согласно со ОИДК.ОБ 15. Упатство за техничко средување на учебници и учебни помагала во електронска форма, компјутерски обработен текст во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт ариал, големина на букви 11, со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен, лесно достапен, со јасни прикази и илустриран со слики за електрокардиограм. Обемот на овој ракопис, како базичен учебник, по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Овој учебник е прв од ваков вид за студентите на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за предметите Интерна медицина 1, Вовед во клиничка пракса и Клиничко испитување 1, давајќи еден посебен осврт и специфичен пристап за правилната интерпретација на електрокардиограм при поставување на дијагноза на одредени клинички состојби и заболувања.

**Краток опис на содржината:** Електрокардиограм (ЕКГ) е многу важно дијагностичко средство која има широка примена во клиничката пракса. Претставува неинвазивно, евтино и едноставно снимање што дава голем број на информации, особено во тријажата на пациентите, поставувањето на дијагноза и соодветното понатамошно лекување. Се користи едноставно и брзо, и е соодветен за динамично работење во дијагностицирањето на итни и витално загрозени пациенти.

Корисни информации за овој учебник се приспособени за поширок спектар на здравствени работници, со пред се за студентите на Општа медицина. Докторите по општа медицина за кои, впрочем, е наменет овој едукативен ракопис треба да бидат запознаени и едуцирани за правилната интерпретација на електрокардиограм, со цел правилно користење во дијагностицирање на кардиолошки заболувања. Ракописот е систематизиран и логички поделен на две поголеми дела, општ и специфичен дел, а специфичниот дел со единаесет поглавја. На крајот завршува со користената литература, напишана во АРА стил, на лесен и разбирлив јазик. Големиот број на слики укажува на тоа дека електрокардиограмот не е сувопарна теорија и се користи да се објаснат и поедностават бројни комплексни поими. Со примената на овој учебник, студентите ќе имаат можност во тек на својата работа, лесно и брзо да ги поврзуваат ЕКГ промените со клиничката состојба на пациентите, во поставувањето на дијагноза и да применуваат соодветни постапки и терапија.

Во првиот општ дел темелно се обработени принципите на срцевата електрофизиологија, срцевиот акциски потенцијал со неговите фази, електрично – спроводниот систем на срцето. Исто така, се обработени електричните вектори, анатомските рамнини и ЕКГ одводите. Во овој дел, детално се објаснети и карактеристиките на нормален електрокардиограм и основните принципи на читање и толкување на електрокардиограм преку одредување на срцева фреквенција, електрична оска на срцето, проценка на морфологија на бранови и интервали кои го сочинуваат ЕКГ запис.

Вториот специфичен дел е поделен на неколку поглавја, објаснувајќи ги нарушувањата во ритамот и спроведувањето, преткоморни и коморни оптоварувања, миокардна исхемија и миокарден инфаркт, одредени состојби и заболувања, како и електролитни и медикаментозни нарушувања.

Во првото поглавје се опфатени синусните нарушувања на ритамот. Тоа се ритми кои потекнуваат од синопреткоморниот јазол и тука спаѓаат: нормален синус ритам, синусна брадикардија, синусна тахикардија, синусни аритмии и синусен блок, синусна пауза и синусен застој (arrest).

Во второто поглавје се објаснети преткоморните нарушувања на ритамот кои потекнуваат од ектопичен водич (pacemaker) кој се наоѓа во преткоморите. Во овие нарушуваат спаѓаат: предвремени преткоморни контракции (екстрасистоли), ектопичен преткоморен ритам, ектопична преткоморна тахикардија, мултифокална преткоморна тахикардија, преткоморен флатер и преткоморна фибрилација.

Во третото поглавје се интерпретирани спојничките (junctional) нарушувања на ритамот. Тоа се: спојнички (junctional) ритам, предвремени спојнички (junctional) контракции (екстрасистоли), брзи спојнички (junctional) ритми, преткоморна-коморна кружна (reentry) тахикардија, преткоморно-коморна тахикардија.

Во четвртото поглавје се објаснети коморните нарушувања на ритамот, како што се: предвремени коморни контракции (екстрасистоли), коморни спасувачки удари, коморен (идиовентрикуларен ритам), забрзан коморен ритам, коморна тахикардија, полиморфна коморна тахикардија и коморна фибрилација, агонален ритам и асистолија.

Во петтото поглавје се интерпретирани коморните нарушувања во спроведувањето на импулсите преку детално и сликовито објаснување на блоковите на Хисовит сноп и фасцикуларните блокови.

Во шестото поглавје се објаснети преекситациските синдроми, како што се: WPW синдромот (Wolf-Parkins-Wnite Syndrome), LGL синдромот (Lown-Ganong-Levine Syndrome) и Mahaim синдромот.

Во седмото поглавје се објаснети и анализирани тахикардиите со тесен и широк QRS комплекс на ЕКГ, диференцијалната дијагноза и соодветниот пристап кон нивно дијагностицирање и лекување.

Осмото поглавје се однесува на преткоморните и коморните (притисочни и волуменски) оптоварувања. Како резултат на постоење на притисочно оптоварување и/или волуменско оптоварување, кај срцето се појавува хипертрофија на срцевиот мускул и/или дилатација на срцевите шуплини. Хипетрофијата и/или дилатацијата се проследени со нарушувања на повеќе компоненти на електрокардиограмот и во овој дел се детално објаснети преку примери.

Деветтото поглавје се однесува на миокардната исхемија и акутниот коронарен синдром. Миокардната исхемија е главната причина за појава на акутен коронарен синдром кој ги опфаќа следните ентитети: нестабилна ангина пекторис (АПНС), акутен миокарден инфаркт бес СТ-сегмент елевасија (НСТЕМИ) и акутен миокарден инфаркт со СТ-сегмент елевација (СТЕМИ).

Десеттото поглавје ги објаснува електрокардиографските карактеристики при одредени клинички состојби и заболувања: белодробна емболија, хронично белодробно срце (cor pulmonale), перикардитис,

миокардитис, кардиомиопатии (дилатитивна, хипертрофична, апикална хипертрофична, рестриктивна), бенигна рана реполаризација), хипотермија, интракранијална хипертензија, Бругада синдром, Sick-Sinus синдром, хипер и хипотироидизам.

Во единаесеттото подглавје се опфатени ЕКГ промени и ефектите од електролитни и медикаментозни нарушуавања (хипернатриемија, хипонатриемија, хиперкалцемија, хипокалцемија, хиперкалемија, хипокалемија, хипермагнезиемија, хипомагнезиемија, дигоксинов ефект и токсичност, ефекти од примена на бета-блокатори, калциум канал блокатори и трициклични антипресивни лекови).

Учебникот „Електрокардиографија" може да им користи и на сите останати студенти на Дентална медицина, Фармација и Високата здравствена школа, како и сите здравствени профили кои се интересираат за правилна интерпретација на електрокардиограмот и негова примена во клиничката пракса.

**ЗАКЛУЧОК**

Доставениот учебник несомнено има добар наставен пристап кон проблематиката која ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација на пациентите за правилна интерпретација на електрокардиограм. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување и примената на електрокардиограмот во дијагноза на голем број клинички состојби и заболувања.

Ракописот е работен според Наставната програма, комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература, со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена по предметите Интерна медицина 1 (област кардиологија), Вовед во клиничка пракса и Клинички испитување 1.

Врз база на горенаведеното, а врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебници, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **учебникот „Електрокардиографија" од вонреден професор д-р Гордана Камчева-Михаилова и насловен доцент д-р Александар Серафимов да биде прифатен како учебник за студентите на Општа медицина и да прифати објавување во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Марија Вавлукис, редовен професор, с.р.
Д-р Јорго Костов, вонреден професор, с.р.

## ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | Бр.0206-866/7 од 4.12.2025 г. | „Влијание на фармацевтските услуги и фармацевтската грижа во менаџментот на пациентите со дијабетес мелитус тип 2 и подобрување на нивниот квалитет на живот“ | „The impact od pharmaceutical services and pharmaceutical care on the management of patients with type 2 diabetes mellitus and on the improvement of their quality of life“ | Интерен ментор проф. д-р Викторија Максимова, екстерен ментор проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска | Весна Ставрова |

## ПРЕГЛЕД
на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата

| Билтен 5.12.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 1. Еволутивниот развој на флејтата и постепеното усовршување на нејзините техники и можности, со концертна програма: Жак Ибер – Концерт за флејта и клавир<br>I. Allegro<br>Пјер Санкан – Сонатина за флејта и клавир<br>I. Moderato<br>II. Andante Espressivo<br>III. Anime<br>Роберт Мушински – Соната за флејта и клавир бр. 14<br>Љубомир Бранџолица – Варијации за флејта и клавир | 1902-121/9 од 4.11.2014 год. | Доц. м-р Златка Митева | Биљана Биљарска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА | 2. Развој на софтверска архитектура и прототип на роботска рака со употреба на 3D печатење | 1502-149/18 од 3.12.2025 год. | Проф. д-р Наташа Коцеска | Весна Христовска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Улогата на видеоасистираната торакоскопија ВАТС во дијагноза и третман на плеврален емпием | 2002-282/59 од 1.12.2025 год. | Проф. д-р Стефан Петровски | Стефанија Ристова |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 4. Корелација помеѓу опфатот со HPV вакцинација и инциденцата на HPV – инфекцијата кај женската популација во Република Северна Македонија | 2002-282/60 од 1.12.2025 год. | Проф. д-р Валентина Велкоска-Накова | Сузана Христова |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 27.11.2025
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0401 | 24/2 | 7 | - |

Арх. знак 0401-24
Рок на чување 1г
27.11.2025 год.
Потпис

**ПРИГОВОР**

**НА РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОПШТО МАШИНСТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ И МАШИНСКИ КОНСТРУКЦИИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Подносител: проф. д-р Сашко Димитров, член на Наставно-научниот совет на **Машински Факултетот, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

До: Машински факултет, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип

Предмет: Приговор на Реферат објавен во Универзитетски билтен бр. 377-5 од 17.11.2025 година за избор во звање на кандидатот доц.д-р Сашко Милев

**Воведно образложение**

Врз основа на член 23 од Правилникот за постапка за избор во наставно-научни, наставни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во законски предвидениот рок поднесувам приговор на Рефератот на Рецензентската комисија објавен во Универзитетски билтен бр. 377 од 17.11.2025 година за кандидатот доц.д-р Сашко Милев, во постапката за избор во наставно-научно звање Вонреден професор.

Целта на приговорот е да се укаже на неколку суштински пропусти и нејаснотии во самиот реферат, кои, според мое мислење како член на Наставно-научниот совет на Машински Факултет-Штип и раководител на катедрата Производно инженерство и механика, се од значење за објективноста, валидноста и кредибилитетот на постапката за избор во повисоко наставно-научно звање.

Во продолжение, приговорот се однесува на следните аспекти:

1. Биографски и академски податоци на кандидатот;
2. Релевантност на областа на докторската дисертација на кандидатот во однос на областа во која кандидатот конкурира;
3. Квалитет, релевантност и научна тежина на пријавените трудови;

**1. Биографски и академски податоци на кандидатот**

При анализата на Рефератот забележав дека недостасуваат одредени биографски и академски информации кои, согласно член 31 од Правилникот за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, претставуваат задолжителен дел од биографските прилози и се значајни за целосна и проверлива евалуација.

Недостасуваат следниве основни податоци:

- датум на раѓање;
- точна институција и датум на стекнување на дипломата од прв циклус;

- јасна временска последователност меѓу дипломирање, магистрирање и докторирање;
- звањето во кое кандидатот бил избран при прв ангажман на Машински факултет – УГД;
- податоци за понатамошните избори во звања и нивната временска усогласеност;
- целосно документиран академски и професионален континуитет.

Овие податоци се значајни не само како формална структура, туку и заради можноста да се утврди законитоста на академскиот развој и усогласеноста меѓу стекнатите квалификации и изборите во звања.

Дополнително, како активен учесник во работата на Факултетот од неговото основање до денес, би сакал да укажам на некои нејаснотии кои произлегуваат од приложениот реферат, кои според мое мислење, се значајни за целосно појаснување на академскиот континуитет на кандидатот. Најпрво, останува нејасно со која точно диплома од прв циклус кандидатот конкурира во оваа постапка: дали со дипломата стекната на Машински факултет – Штип во 2015 година, или со претходна диплома стекната на друг Машински факултет врз основа на која е остварено вработувањето во 2008 година? Доколку во конкурсната постапка е приложена дипломата од 2015 година, се поставува прашањето како се усогласуваат околностите дека во истиот период кандидатот бил и студент и помлад асистент на истиот факултет, и дали тие информации биле земени предвид како можен извор на професионален судир на интереси, имајќи предвид дека кандидатот претходно бил биран во помлад асистент. Исто така, имајќи предвид дека кандидатот има магистрирано во 2013 година, логично се поставува прашањето со која диплома од прв циклус бил запишан на магистерски студии, ако дипломата од Машински факултет – Штип е стекната подоцна, во 2015 година, што значи дека кандидатот прво има магистрирано, па потоа дипломирано што е спротивно на образовната логика.

Од овие околности произлегува и следното прашање: дали хронолошкиот редослед на дипломирање и магистрирање е јасно документиран и дали е усогласен со вообичаената образовна пракса? Сметам дека појаснувањето на овие аспекти би придонело за целосно транспарентно и законски усогласено разгледување на конкурсната документација.

Во насока на целосна транспарентност и институционална усогласеност на постапката, предлагам повторна евалуација на пријавата, која би опфатила:

- да се изврши повторна, формално усогласена и целосно документирана евалуација,
- рецензентската комисија да потврди дека имала увид во сите задолжителни документи согласно член 31 од Правилникот,
- да се достават сите пропуштени биографски и академски податоци, со цел да се обезбеди целосна и проверлива слика за академскиот и професионалниот развој на кандидатот.

Со ваков пристап ќе се обезбеди рецензентската комисија да работи врз целосна, проверлива и усогласена документација, што е предуслов за објективна, професионална и законски валидна евалуација на исполнетоста на условите за избор во повисоко наставно-научно звање.

**2. Релевантност на областа на докторската дисертација**

Согласно Решението за акредитација на докторските студии по Машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип бр. 12-387/2 од 29.11.2013 годин на кои што има докторирано кандидатот, се утврдени следните научно-истражувачки области:

- Производно машинство, технологии и системи;
- Машински елементи и технички системи;
- Заварување и технологии на заварување.

Во ниту еден од наведените сегменти не фигурира областа „Општо машинство, проектирање и машински конструкции“, која според националната научна класификација претставува посебна и самостојна научна област. Оттаму, постои неусогласеност меѓу акредитираните истражувачки области и областа во која кандидатот аплицира во рамките на постапката за избор во звање. Со тоа **не е исполнет еден од законските услови, кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање Вонреден професор** – *“Да има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира”.*

Со оглед на тоа, се поставува прашањето дали постои формална и содржинска поврзаност меѓу докторската дисертација на кандидатот и областа наведена во пријавата за избор во звањето „Вонреден професор“. Бидејќи областа „Општо машинство, проектирање и машински конструкции“ не е акредитирана како истражувачка област во рамките на студиската програма за 3 циклус на Факултетот, предлагам рецензентската комисија да изврши проверка на усогласеноста меѓу областа на докторските студии и областа во која се бара избор во звање. Во согласност со член 10 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, усогласеноста на областа на докторската дисертација со областа на конкурсот е задолжителен критериум кој ја потврдува стручноста и релевантноста на кандидатот во дадената научна дисциплина.

Во отсуство на таква усогласеност, рецензијата не може да се смета за целосна и објективна.

**3. Квалитет и релевантност на научно истражувачката дејност**

Врз основа на приложените податоци во рефератот на кандидатот за избор во звање вонреден професор, укажувам на сериозни сомнежи во поглед на валидноста, научната тежина и академскиот интегритет на наведените трудови.

Со цел да се обезбеди објективна и непристрасна проценка, предлагам Комисијата да не се задржи исклучиво на бројот на трудови, туку да направи детална проверка на:

1. Списанијата во кои се објавени трудовите, нивната индексираност, кредибилитет и меѓународна релевантност;
2. Содржината на трудовите, од аспект на методологија, оригиналност, научен придонес и експериментална или теоретска валидност;
3. Хронолошката динамика на објавените публикации и усогласеноста со очекуван континуитет во научната активност;
4. Потенцијалниот судир на интереси, кој произлегува од коавторството со член на рецензентската комисија;

5. Трудовите наведени во рефератот кои се објавени надвор од периодот на евалуација;
6. Студиските престои наведени во рефератот, а кои не се однесуваат на периодот предмет на евалуација;
7. Научно-истражувачките проекти за кои не е наведен период на реализација и нема приложена потврдувачка документација.

**3.1. Анализа на списанијата**

**3.1.1. International Journal of Engineering Technology Research & Management (IJETRM)**

- Не е индексирано во Scopus, Web of Science или DOAJ.
- Користи невалидни индикатори (*SJIF*, *AQCJ*), а објавува трудови во рок од 24–72 часа, што е спротивно на стандарден peer-review процес.
- Содржински опфаќа теми од различни области (инженерство, земјоделство, општествени науки), што е типичен белег на предаторски списанија.

Може да се заклучи дека ова е списание со сите белези на предаторска публикација.

**3.1.2. International Journal of Engineering Research & Development (IJERD)**

- Не е присутно во меѓународни бази, иако лажно наведува дека е „indexed in 100+ databases".
- Прифаќа трудови преку Gmail, WhatsApp и без формален рецензентски процес.

Може да се заклучи дека ставува збор за сомнително списание со ниска научна репутација.

**3.1.3. International Refereed Journal of Engineering and Science (IRJES)**

- Има идентична структура со други познати предаторски издавачи (IOSR, IJSTR).
- Нема уредничка транспарентност, а трудовите се објавуваат за неколку дена.

Може да се заклучи дека станува збор за списание со предаторски карактер и без академска контрола.

**Општ заклучок за списанијата:**

Трите списанија во кои се објавени трудовите (IJETRM, IJERD и IRJES) имаат повеќе заеднички карактеристики кои отвораат сериозна сомнеж во нивната научна валидност:

- преовладувачки индиски уредувачки состав со ограничена меѓународна застапеност;
- применуваат претежно техничка, а не научна форма на „peer-review", без реална научна евалуација;
- работат со екстремно кратки рокови за прифаќање и објавување (24–72 часа), несоодветни за стандардизирана рецензентска постапка;
- имаат нетранспарентни рецензентски механизми и непроверливи афилијации на рецензентите;

- ниту еден од трудовите не содржи валиден DOI број, што е основен меѓународен стандард за научни публикации;
- иако списанијата наведуваат индексираност во Google Scholar, ниеден од трудовите на кандидатот не се појавува во Google Scholar, што укажува дека трудовите немаат реална меѓународна видливост;

Иако овие списанија формално наведуваат дека имаат меѓународни уредувачки одбори, нивната структура е со доминантно локален карактер, а рецензентските процеси не се транспарентни и не овозможуваат проверливост на научната проценка. Отсуството на контролирани институционални афилијации, минималната меѓународна застапеност и недостигот на цитираност создаваат оправдан сомнеж во научниот кредибилитет, академската тежина и импактот на овие трудови.

Ваквите публикации, и покрај нивниот формален изглед и запазените критериуми согласно член 18 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, реално не обезбедуваат научна верификација од меѓународен квалитет, што е суштински критериум при избор во наставно-научно звање. Поради тоа, предлагам рецензентската комисија да постапи со зголемена претпазливост при вреднување на трудовите објавени во овие списанија и да спроведе дополнителна проверка на нивната реална научна релевантност и импакт.

### 3.2. Додадена забелешка за областа на трудовите

Согласно содржината и темите обработени во трудовите, може да се констатира дека најголемиот дел (6 од 8 трудови) формално припаѓаат на областа „Општо машинство, проектирање и машински конструкции". Сепак, дел од нив имаат многу ограничена истражувачка тежина и претставуваат описни технички содржини без развиен модел, експеримент или теоретска анализа.

Во два случаи — трудот објавен во *IJERD* (*Integrated telemetry platform for measuring and transmitting physical, chemical, biological and other water parameters in rivers*) и трудот во *IRJES* (*Comparative analysis of the characteristics of Backhoe excavators and Loader excavators*) — темите се периферни, односно се однесуваат на општа технолошка или применета инженерска проблематика, без директна поврзаност со „Општо машинство, проектирање и машински конструкции".

Ова дополнително ја релативизира нивната научна релевантност во контекст на избор во звање вонреден професор, каде што се очекува континуирана и длабинска работа во специфичната област на „Општо машинство, проектирање и машински конструкции".

### 3.3. Содржинска анализа на трудовите (2021–2025)

Врз основа на севкупниот увид во научно-истражувачката активност на кандидатот, може да се констатира дека поголемиот дел од доставените трудови имаат ограничена научна вредност, недоволна методолошка длабочина и отсуство на експериментална или аналитичка поддршка. Најголем дел од трудовите се засноваат на едноставни пресметки, каталошки описи, табеларни споредби или повторување на веќе обработувани теми, без суштински нови резултати или развиени модели. Во одредени трудови се забележува повторување на истата техничка проблематика со минимални параметарски измени, што укажува на формално проширување на продукцијата, а не на континуирана научна еволуција.

Содржински, во трудовите претежно недостасуваат експериментални мерења, реални податоци, квалитативни анализи или споредбена научна дискусија, што се основни барања за избор во вонреден професор. Иако формално се претставени како научни истражувања, нивната структура главно е описна, без развиена методологија и без докази за оригинален научен придонес.

Забележливо е и дека четири трудови се објавени во една иста година (2025), — што не одразува континуитет во научната активност, туку публикување во периодот непосредно пред пријавата за избор, со што се создава впечаток на краткорочен напор за формално исполнување на критериумите.

Како заклучок, целокупната научна активност на кандидатот се карактеризира со ограничена истражувачка длабочина, слаб меѓународен одек, недоволна аналитичка диспозиција и отсуство на континуитет, што значително ја релативизира исполнетоста на квалитативните критериуми за избор во вонреден професор според нормативите на Универзитетот и добрите академски практики.

### 3.4. Коавторство и судир на интереси

Трудот *"Numerical Study of Rim Thickness Effects on Tooth Root Stress in Metal-Composite Gears"* (2025, TEM Journal), објавен во повисокорангирано списание, е во коавторство со член на рецензентската комисија. Иако член 173 од Законот за високо образование не предвидува експлицитна забрана за коавторство, според член 5 и член 15 од истиот Закон, високото образование мора да се темели на начелата на непристрасност и исклучување на судир на интереси. Дополнително, член 9 од Законот за општата управна постапка пропишува дека секоја постапка мора да се води објективно и без личен интерес.

Со оглед на тоа дека коавторството подразбира професионален и непосреден однос, оваа околност може да се смета за потенцијален судир на интереси и треба да се разгледа во контекст на обезбедување на целосна непристрасност во процесот на оценување.

### 3.5. Дополнитени трудови

Во рефератот се наведени и дополнителни шест трудови објавени заклучно со 2017 година, кои формално не можат да се земат предвид како основа за избор во тековниот изборен циклус. Овие трудови не влегуваат во пропишаниот временски опфат за избор во повисоко звање и не можат да бидат третирани као релевантна научна продукција за тековната постапка, нивното вклучување создава лажна слика за квантитет на трудови и може да доведе до неточна евалуација на научниот континуитет.

### 3.6. Студиски престои

Во пријавата се наведени студиски престои кои, согласно рефератот, се реализирани надвор од временскиот период што е предмет на тековната евалуација, поради што тие активности не може да се земат како релевантна основа за избор во повисоко наставно-научно звање.

### 3.7. Научно-истражувачки проекти

Во рефератот е наведено учество на кандидатот во два научно-истражувачки проекти, но за нив не е наведена година на реализација, ниту се приложени проектни

извештаи или други потврдувачки документи во UGD репозиториумот. Ова остава нејаснотии во однос на тоа дали проектите навистина се реализирани, во кој временски период и дали можат да се сметаат како релевантен дел од научниот опус на кандидатот.

**Општа оценка и влијание врз процесот на избор**

Со оглед на изнесеното, а со цел да се заштити академскиот интегритет и угледот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, предлагам рецензентската комисија да изврши:

1. Квалитативна анализа на трудовите, не само броење;
2. Проверка на индексираноста и кредибилитетот на списанијата;
3. Оценка на содржината и научниот придонес на секој труд;
4. Разгледување на етичката состојба поврзана со коавторството;
5. Заклучок врз основа на реална, а не формална научна вредност.

**1. Заклучок**

Како второрангиран универзитет во државата, со изградена академска структура, силна истражувачка мрежа и меѓународно препознатлива научна активност, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип има обврска да обезбеди висок степен на академски интегритет и објективна селективност при избор на кадар во повисоки наставно-научни звања. Особено кога станува збор за избор во звање - вонреден професор, се очекува кандидатот да покаже јасен, вреднуван и меѓународно видлив научен придонес – преку трудови објавени во релевантни и транспарентно рецензирани списанија, а не во изданија со сомнителен квалитет и нејасна рецензентска постапка.

Во конкретниот случај, врз основа на приложениот реферат, постои оправдана загриженост дека наставно-образовната и научно истражувачката дејност на кандидатот не ја одразуваат научната тежина и реноме што се очекуваат од кандидат за ова ниво на избор.

Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како реномиран универзитет со меѓународен углед и растечка научна репутација, треба да се води според принципите на академска селективност и објективна евалуација, со цел во своите редови да промовира наставно-научен кадар кој го подигнува, а не го нарушува стандардот и угледот на институцијата. Само со таков пристап може да се обезбеди процес на избор кој е етички, транспарентен и усогласен со европските стандарди за високо образование.

Како подносител на приговорот, останувам на ставот дека со повторна, внимателна и објективна евалуација на сите наведени аспекти – биографски, административни, методолошки и научни – ќе се обезбеди правична и професионална постапка, во духот на академската чест и институционалниот интегритет на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

27.11.2025 год.
Штип

Со почит,
Проф.д-р Сашко Димитров

Член на Наставно-научниот совет и
Раководител на катедра Производно инженерство и механика
на Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

| Примено: 09.12.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0401 | 24/4 | - | - |

Арх. бр. 0401-24
15
09.12.25

До
Декан на
Машински факултет
при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
ул. Гоце Делчев бр.89-Штип

Предмет : Доставување на Одговор на приговор

Почитуван

Декан доц. д-р Сара Сребренкоска

На 05.12.2025 год. добив писмо од Вас заведено во архивата на Машински факултет Штип под број 2203-98/2 од 01.12.2025 год. Со писмото во прилог ми беше доставен Приговор бр.0401-24/2 од проф. д-р Сашко Димитров против објавениот реферат во Универзитетскиот билтен бр.377-5 од 17.11.2025 година во постапката за избор на кандидатот доц. д-р Сашко Милев во наставно-научно звање вонреден професор.

Ве известувам дека јас, проф. д-р Петар Симоновски како претседател на рецензентската комисија, заедно со останатите два члена на комисијата проф. д-р Ташко Ризов и проф. д-р Никола Аврамов, го разгледавме добиениот приговор, детално го анализиравме и во законски предвидениот рок од 8 дена Ви доставуваме одговор на приговорот.

Во прилог : Одговор на приговорот

Датум
09.12.2025 год., Скопје

Претседател на рецензентска комисија
проф. д-р Петар Симоновски
Машински факултет Скопје

До
Декан на
Машински факултет
при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
ул. Гоце Делчев бр.89-Штип

Со Одлука бр. 2202-66/7 од 3.7.2025 година донесена на 178. Седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет одржана на 03.07.2025 , определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научна област општо машинство, проектирање и машински конструкции (2.03.00.03) на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во состав: д-р Петар Симоновски, д-р Ташко Ризов и д-р Никола Аврамов, сите тројца редовни професори од област Општо машинство, проектирање и машински конструкции на Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Од страна на рецензентската комисија беше изготвен Реферат за пријавените кандидати и истиот беше доставен до Машинскиот факултет, а потоа објавен во Универзитетскиот билтен бр.377-5 од 17.11.2025 год. на Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

Во предвидениот рок за приговор од 15 дена по објавувањето, на 27.11.2025 год. Сашко Димитров, професор на Машинскиот факултет во Штип, при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, против објавениот реферат има поднесено приговор до Машинскиот факултет во Штип заведен под бр.0401-24/2 од 27.11.2025 год..

Како членови на рецензентската комисија го даваме следниот

## ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Пред да ги елаборираме нашите ставови по наодите изнесени во претходно споменатиот приговор би сакале да потенцираме дека при изготвувањето на Рефератот и на овој одговор на приговор, рецензентската комисија се раководеше од постоечките прописи во државата, а особено од :

-Почитување на одредбите на Законот за високо образование, (во понатамошниот текст ЗВО)

-Почитување на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, (во понатамошниот текст (Правилник за избор во звања)

- Почитување на сите акти и исправи издадени од релевантни и со закон утврдени за издавање на соодветната исправа надлежни институции.

Комисијата при изготвувањето на рефератот, како и при разгледувањето на приговорот настојуваше крајно објективно, свесно и чесно да ги оцени поднесените пријава од кандидатот и приговорот.

Во однос на точка 1 од приговорот Биографски и академски податоци на кандидатот комисијата смета дека во објавениот реферат има дадено доволно биографски и други податоци за кандидатот Сашко Милев од кои може да се оцени неговата академска кариера.

Во објавениот реферат јасно е наведено дека кандидатот има завршено прв, втор и трет циклус на студии и за сите три циклуси има доставено соодветни дипломи

и истото е наведено во реферат објавен на 17.11.2025 год. во Универзитетскиот билтен.

Во однос на дипломата за завршен прв циклус на студии кандидатот има приложено Диплома за завршен прв циклус на студии издадена од Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Машински факултет, студиска програма Производно машинство, со сериски број на дипломата 14/2015, Број и датум на дипломата од главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии 27114 од 22.06.2015 год. потпишана од тогашниот ректор Проф. д-р Саша Митрев и од тогашниот декан на Машинскиот факултет Проф. д-р Дејан Мираковски. На дипломата јасно се читливи оригинални печати од Машински факултет и од Универзитетот Гоце Делчев-Штип. Оваа диплома комисијата ја смета за целосно важечка и врз основа на неа комисијата во рефератот има утврдено дека кандидатот има завршено прв циклус на студии со просек 9,15 и овој просек е јасно наведен во делот за исполнување на општите услови за избор предвидени со Законот за високо образование.

Иако подносителот на приговорот не прилага никаков доказ дека кандидатот Сашко Милев бил биран во звање помлад асистент, сепак Комисијата потенцира дека членот 154 став 6 од ЗВО гласи: „Уверението или документот за завршното оценување се издава врз основа на податоците во пријавите за испитите за секоја предметна програма, **потпишани од наставникот".** Согласно цитираниот член, секоја пријава, за секој испит, мора да биде потпишана од предметниот наставник, не може помлад асистент да потпишува пријави или да оценува студенти, односно кандидатот и да бил биран во помлад асистент и во таков случај не би постоел професионален судир на интереси за издавање на дипломата.

Сепак, доколку и понатаму постои сомнеж кај подносителот на приговорот за постоење на професионален судир на интереси при издавањето на истата, подносителот на приговорот би требало да се обрати до тогашниот Ректор Проф. д-р Саша Митрев и тогашниот Декан на Машинскиот факултет Проф. д-р Дејан Мираковски, кои ја потпишале претходно цитираната диплома. Потенцираме дека Комисијата смета дека не постоеле законски пречки тогашниот декан и тогашниот ректор да ја потпишат оваа диплома и Универзитетот да ја издаде оваа диплома.

Кандидатот Сашко Милев, помеѓу останатите документи, со пријавата на конкурсот има доставено и 1.Одлука за избор во асистент докторанд на Машински факултет-Штип од 05.05.2017 год. во која е наведено дека рефератот за избор во асистент докторанд бил објавен во Универзитетски билтен број 188 од 18.04.2017 год. и 2. Одлука за избор во доцент од 25.12.2020 год. во која е наведено дека рефератот за избор во доцент бил објавен во Универзитетски билтен бр.262 од 01.10.2020 год..

Комисијата изврши увид и во двата претходно цитирани реферати и утврди дека и при конкурирањето во 2017 год за асистент докторанд, и во 2020 год. при конкурирањето за доцент и сега при конкурирањето во 2025 год. кандидатот Сашко Милев ја приложил истата, претходно цитирана диплома.

Комисијата од увидот во претходно споменатите акти утврди дека како член на рецензентската комисија, во 2017 год. проф. д-р Сашко Димитров (тогаш доцент), со наставно научна област Автоматика и Механика на флуидите и струјно технички системи, дал позитивно мислење за изборот на кандидатот Сашко Милев во асистент докторанд, а во Одлуката за избор во доцент во 2020 година стои дека истата е донесена едногласно, што значи и во 2020година проф. д-р Сашко Димитров како член на Наставно-научниот совет на Машински факултет-Штип гласал за избор на кандидатот Сашко Милев во доцент.

Комисијата смета дека датата на раѓање на кандидатот нема никакво влијание врз оцената на пријавата од кандидатот. Во ниту еден правен акт не е наведено дека биографските податоци содржани во рефератот задолжително мора да содржат дата

на раѓање. Кандидатот Сашко Милев е роден на 13.01.1972 год, видливо од поднесената документација.

Останатите забелешки и предлози наведени во точка 1 од приговорот воопшто не се пропишани како критериуми за избор во наставно-научни звања, ниту пак се предвидени како постапки кои треба да се спроведат, ниту во Законот за високо образование, ниту во Правилникот за избор во звања, акти со кои се дефинирани критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања.

Имајќи го во предвид фактот дека во моментот на донесувањето на Законот за високо образование во 2018 година (Службен весник 82/18 од 08.05.2018 год.) кандидатот Сашко Милев е претходно, во 2017 година, бил избран за асистент докторанд, изборот на кандидатот за доцент во 2020год. е бил можен и согласно член 166 став 5 од Законот за високо образование.

Од претходно наведеното комисијата во однос на точка 1 од приговорот смета дека приговорот е неоснован.

2. Во однос на точка 2 од приговорот Релевантност на областа на докторската дисертација. Комисијата истакнува дека подносителот на приговорот нема поднесено никаков доказ со кое би го докажал своето тврдење. Комисијата повторно потенцира дека Рефератот го изготвува согласно документите поднесени со пријавата на кандидатот за избор во звање, како што е пропишано во Законот за високо образование и во Правилникот за избор во звања на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип.

Кандидатот Сашко Милев со пријавата има приложено Диплома за завршен трет циклус на студии издадена од Универзитет Гоце Делчев-Штип, Кампус 2, Техничко-технолошки науки, Машински факултет, УГД Штип. Во дипломата е наведено дека кандидатот Сашко Милев **завршил академски студии (вид и назив на студиската програма) Машинство** и се стекнал со квалификација NQF VIII, со вкупно 180 ЕКТС, со просек 10, и со одбраната на докторскиот труд се стекнал со назив **Доктор по технички науки од области на Машинство**. Сериски број на дипломата 34/2020, со број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии 27334, 21.02.2020, место и датум на издавање на дипломата 26.03.2020 год. Оваа диплома е потпишана од тогашниот декан на Машински факултет Проф. д-р Ристо Кукутанов и од Проф. д-р Блажо Боев, тогашен Ректор на Универзитет „ Гоце Делчев" -Штип. На дипломата постојат два печати, од Машински Факултет-Штип и од Универзитет Гоце Делчев-Штип.

Оваа диплома комисијата ја смета за целосно правно важечка, без никаква забелешка на истата. Доколку подносителот има некакви забелешки во однос на содржината на поднесената диплома, би требало да се обрати до Универзитетот Гоце Делчев кој што ја издал оваа диплома и деканот и ректорот кои што ја потпишале.

Со пријавата кандидатот Сашко Милев има поднесено и примерок од докторската дисертација, во која на страна 1, како научно поле е наведено 214 Машинство, а во делот за научни области е наведено и област 21400 Општо машинство, проектирање и машински конструкции. Од претходно наведеното комисијата смета дека постои јасна усогласеност помеѓу студиите од трет циклус, докторската дисертација на кандидатот и областа за која конкурира кандидатот на огласот.

Комисијата мисли дека наодите наведени во делот 2 од приговорот се неосновани.

Во однос на точка 3 од приговорот Квалитет и релевантност на научно истражувачката дејност.

Пред да се впушти во детали Комисијата потенцира дека согласно член 18 од Правилникот за избор во звања на Универзитет Гоце Делчев-Штип како и чл.2 став 1

точка 24 делови а, б и в, од Законот за високо образование под поимот референтна научна публикација се подразбира:

- научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование или

- научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку 3 земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува 2/3 (две третини) од вкупниот број членови или

- научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД.

3.1. По спроведената детална анализа на поднесениот приговор во однос на точка 3.1 од приговорот комисијата го дава следното мислење :

3.1.1. Списанието International Journal of Engineering Technology Research & Management е со ISSN број 2456-9348 и се публикува од 2017 година до денес. Во уредувачкиот одбор на списанието членовите се од 10 земји Италија, САД, Кореја, Турција, Малезија, Иран, Индија, Египет, Нигерија, при што бројот на членови од ниту една земја не надминува 2/3 (две третини) од вкупниот број членови на одборот, односно во уредувачкиот одбор на списанието максималниот број на членови од една држава е 6, а вкупниот број на членови во одборот е 19.

На веб страната на списанието во делот за рецензија на трудовите е јасно наведено дека сите ракописи доставени до списанието подлежат на рецензија од двајца независни експерти во соодветната област (Double-blind per review process), притоа, авторите не ги знаат идентитетите на рецензентите, а рецензентите не ги знаат идентитетите на авторите. Рецензентите ги оценуваат ракописите за оригиналност, методолошка исправност, јасност, придонес во областа и етички интегритет. Конечната одлука (прифаќање, ревизија или отфрлање) ја донесува уредувачкиот одбор врз основа на препораките на рецензентите. Списанието обезбедува фер, непристрасна и ригорозна евалуација на сите трудови.

Тврдењето во приговорот дека трудовите објавени во ова списание немаат DOI броеви не се точни. Кандидатот има објавено три труда во ова списание и нивните DOI броеви се : https://doi.org/10.5281/zenodo.10459325, https://doi.org/10.5281/zenodo.10406110 и https://doi.org/10.5281/zenodo.15458664 .

Ова списание ги исполнува условите за референтна научна публикација согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања.

3.1.2. Списанието International Journal of Engineering Research and Development е со e-ISSN 2278-067X и p-ISSN 2278-800X и се публикува од 2005 година. Во уредувачкиот одбор на ова списание застапени се членови од 8 земји САД, Данска, Италија, Шпанија, Франција, Индија, Израел и Кина. Притоа, најмногу членови 5 се застапени од САД. Во асоцијативниот уредувачки одбор на ова списание застапени се членови од 14 земји САД, Канада, Шведска, Австрија, Италија, Португалија, Шпанија, Грција, Тајван, Аргентина, Јужна Кореа, Тајланд, Индија, Хонг Конг, од кои најмногу со по 3 членови се САД и Италија.

Во однос на постапката за рецензирање списанието јавно има објавено на неговата веб страна дека сите трудови внимателно се проверуваат за усогласеност со форматот (се мисли на предвидениот темплејт н.з.) и за граматички и стилски грешки (во однос на англискиот јазик н.з.), при што не се дозволуваат повеќе од две грешки по страница. Секој труд објавен во списанието се рецензира анонимно (Double-blind

review) од најмалку два рецензенти, а идеално од три или повеќе рецензенти, со цел да се обезбеди максимална објективност и квалитет на рецензијата.

И ова списание ги исполнува условите за референтна научна публикација согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања.

3.1.3. Списанието International Refereed Journal of Engineering and Science е со e-ISSN 2319-183X и p-ISSN 2319-1821 и се публикува од 2012 година. Во уредувачкиот одбор на ова списание застапени се 18 членови од 10 земји меѓу кои САД, Обединето Кралство, Австралија, Романија, Малезија, Алжир, Индија, Иран, Бангладеш, Западен Бенгал, притоа 6 членови се од една држава, а останатите држави се со помалку од 6 членови.

Во однос на постапката за рецензирање списанието јавно има објавено на неговата веб страна дека сите трудови се рецензираат анонимно (Double-blind review) од најмалку двајца рецензенти.

Списанието ги исполнува условите за референтна научна публикација согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања.

Според претходно наведеното јасно произлегува дека сите три претходно наведени научни списанија ги исполнуваат условите да се сметаат за референтна научна публикација согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања на Универзитет Гоце Делчев-Штип.

Во однос на сомнежите кои ги изразува подносителот на приговорот, од претходно изнесеното произлегува дека станува збор за три научни списанија со повеќегодишно издавање (првото излегува од 2017 год, второто од 2005 год и третото од 2012 год.), со реално меѓународни издавачки одбори (а не индиски како што се наведува во приговорот), сите три списанија вршат рецензирање на трудовите и во зависност од мислењето на рецензентите се донесува одлука дали трудот ќе биде прифатен или не, т.е. спроведуваат т.н. double-view review постапка.

Иако не спаѓаат ниту во основните ниту во дополнителните критериуми за избор комисијата е на мислење дека тврдењето наведено во приговорот дека ниту еден од трудовите објавени во овие списанија немаат DOI броеви исто така не е точно (види 3.1.1.)., Не е точно и дека ниту еден од трудовите на кандидатот не се појавуваат во Google Scholar.

3.2.Додадена забелешка за областа на трудовите и 3.3. Содржинска анализа на трудовите

Комисијата смета дека подносителот на приговорот како професор од областите Автоматика и Механика на флуиди и струјно технички струења не може со доволна стручност да оценува трудови од друга научна област, како што е Општо машинство, проектирање и машински конструкции, кога претходно рецензентската комисија составена од тројца редовни професори, сите од областа на Општо машинство, проектирање и машински конструкции имаат извршено детален преглед, анализа и евалуација на трудовите.

Во овие делови од приговорот (3.2 и 3.3) се изнесени само општи, паушални оценки за трудовите, без ниту еден аргументирано негативен научен факт содржан во трудовите објавени во овие списанија. Комисијата во однос на научната валидност на трудовите останува во целост на своето мислење изнесено во претходно доставениот Реферат за избор на кандидатот и не ги прифаќа наодите наведени во деловите 3.2 и 3.3 од овој приговор.

Во однос на забелешките од овие делови од приговорот (3.2 и 3.3) единствено би додале дека наставно научната работа на кандидатот доц. д-р Сашко Милев се одвивала во континуитет во периодот од изборот во доцент до денес. За доцент кандидатот бил избран на 25.12.2020 год. Во текот на 2021 год. како коавтор заедно

со проф. д-р Симеон Симеонов кандидатот доц д-р Сашко Милев има издадено рецензиран учебник по предметот Кинематика и динамика, објавен во електронската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип. Подготовка на учебник е сериозна работа која бара подолг временски ангажман. Во 2022 год. има издадено 1 труд, во 2023 год има издадено 2 труда, во 2024 година има издадено еден труд и дополнително како коавтор има поднесено уште еден труд во списанието ТЕМ (трудот во списанието е примен на 01.07.2024 год, прифатен за издавање е на 03.12.2024 год., а само издавањето на трудот е во 2025 год.) и во 2025 год. има издадено уште 3 труда. Иако временската разлика помеѓу издавањето на трудовите не е воопшто никаков критериум, сепак комисијата укажува на континуитетот во наставно-научната работа на кандидатот, наспроти спротивното тврдење во приговорот.

3.4. Коавторство и судир на интереси

Подносителот во приговорот самиот потенцира дека членот 173 од Законот за високо образование не предвидува забрана за коавторство.

Трудот на кој се однесува делот означен како 3.4 во приговорот е објавен во списанието ТЕМ со ISSN 2217-8309 индексирано во базите Scopus и Web of Science, со импакт фактор во 2024 год. кога трудот бил испратен од коавторите и прифатен за издавање. Коавторството во даден труд на кандидатот за избор со еден од членовите на рецензентската комисија не доведува до потенцијален судир на интереси, од причини што квалитетот на објавениот труд претходно бил оценуван од трети лица, независни високо стручни рецензенти (од областа од која е и самиот труд) определени од страна на уредувачкиот одбор на списанието. Согласно законската регулатива потенцијален судир на интереси постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина. Во конкретниот случај, изборот на кандидатот воопшто не влијае врз службената должност на рецензентот во иднина.

Во однос на примената на членови од Законот за општа управна постапка познато е дека со овој закон (lex generalis) се регулира само постапката за избор во звања, а подносителот на приговорот не наведува повреди на постапката за избор. Во однос на критериумите за избор и нивната исполнетост при избор во наставно-научни звања се применува Законот за високо образование (lex specialis) и правилниците кои се предвидени со овој закон. Во Законот за високо образование не постои забрана за коавторство.

Од овие причини комисијата не може да го прифати тврдењето на подносителот на приговорот за постоење на потенцијален судир на интереси.

3.5.Дополнителни трудови и 3.6. Студиски престои

Комисијата би сакала да ги потенцира член 173 став 10 од Законот за високо образование и член 31 од Правилникот за избор во звања според кој рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата.

Согласно претходно наведените членови во рефератот издаден во Универзитетскиот билтен се вреднувани и активности на кандидатот пред неговиот избор за доцент. Но, при изготвувањето на Табела на активности кои се бодираат при изборот во звање (член 8 од Правилникот за избор во звања) бодови се доделувани само за активности кои се случиле во последните 5 години, односно за периодот од изборот во доцент до денот на пријавата на огласот за избор во вонреден професор..

Од тие причини се наведени и трудови кои кандидатот ги има објавено пред изборот во доцент, но во самиот реферат, на почетокот на списокот со трудови јасно е наведено дека трудовите од реден број 1 до реден број 8 се издадени после изборот

во доцент. Од истите причини се наведени и студиските престои остварени пред изборот во доцент.

3.7. Во однос на делот Научно-истражувачки проекти

Наведувањето на научно-истражувачките проекти е направено согласно законските одредби наведени претходно во делот 3.5 и 3.6. од овој одговор. Дополнително во чл.31 став 3 од Правилникот е наведено дека : "при избор во звања активностите ќе бидат валидни само доколку се објавени во е репозиториумот". И двата проекти се наведени и во реферaтот за избор на кандидатот во доцент. Комисијата ги дава и следните дополнителни информации во врска со овие проекти.

Проектот Подземна експлоатација на јаглен со рударската метода Велење во Република Македонија, Факултетот за природни технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип постои во е-репозиториумот Комисијата појаснува дека овој проект е финансиран од Министерство за наука и образование на Република Македонија, со шифра на проектот 05-2246/1, број на договор 14/2401/1, датум на поднесување на завршниот извештај 31.03.2009 год. Во проектот учествувале 1 главен истражувач, седум соработници и седум помлади соработници помеѓу кои е и кандидатот Сашко Милев.

Проектот Примена на Методата на конечни елементи при пресметка на чиниести пружини на фрикциони спојки кај моторните возила бил одобрен од страна на Фондот за научно истражувачка работа при Универзитет Гоце Делчев-Штип. Од страна на главниот истражувач проф. д-р Симеон Симеонов на 05.02.2016 год. во е-репозиториумот бил депониран апстракт од проектот и притоа во е-репозиториумот јасно се наведени сите учесници во проектот, меѓу кои е и кандидатот Сашко Милев.

Комисијата смета дека овие проекти може да се сметаат како релевантен дел од научниот опус на кандидатот.

Во однос на делот Општа оценка и влијание врз процесот на избор, рецензентската комисија по добивањето на приговорот постапи на следниот начин :

1.Комисијата изврши детален преглед и детална квалитативна анализа на трудовите од кандидатот и зазема заеднички став дека останува во целост на своето мислење содржано во реферaтот објавен во Универзитетскиот билтен бр.377-5 од 17.11.2025 год.

2. Комисијата изврши повторна проверка на индексираноста и кредибилитетот на списанијата и едногласно утврди дека сите списанија во кои се објавени трудовите од кандидатот ги задоволуваат критериумите за да се сметаат за референтни научни публикации согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања. Во однос на ова барање во делот означен како 3.1. од овој одговор комисијата даде и детални анализи за списанијата за кои се приговара во делот 3.1. од приговорот.

3. Врз основа на извршена дополнителна оценка на содржината и научниот придонес на трудовите комисијата едногласно зазема заеднички став дека содржината и научниот придонес на трудовите од кандидатот одговараат на критериумите за избор во звање вонреден професор.

4. Комисијата го разгледа барањето на подносителот на приговорот во врска со етичката состојба поврзана со коавторството и смета дека во конкретниов случај не постои потенцијален судир на интереси ниту нарушување на етичките норми. Ваквиот став подетално веќе е објаснет во делот 3.4 од овој приговор.

5. Секој од членовите на комисијата, сите тројца редовни професори од областа во која се врши изборот на кандидатот Општо машинство, проектирање и машински коонструкции, во рамките на својата компетентност, крајно совесно и етички извршија

повторна проценка на реалната научната вредност на трудовите и заседоа заеднички став дека комисијата останува на своето мислење дадено претходно во Рефератот за избор објавен во Универзитетскиот билтен бр.377-5 од 17.11.2025 год. при Универзитет „Гоце Делчев"-Штип

ЗАКЛУЧОК:

Комисијата смета дека наодите во приговорот не се поткрепени со конкретни и реални факти, изнесени се паушални тврдења, изразени во облик на сомнежи и прашања, со предлози за дејствија кои комисијата претходно и самата веќе ги имаше извршено пред изготвувањето на Рефератот објавен во Универзитетски билтен на Универзитет „Гоце Делчев"-Штип бр.377 од 17.11.2025 год.

Сепак, комисијата со крајна сериозност пристапи кон повторна анализа и оцена на наодите од приговорот и смета дека за секое свое мислење поврзано со наодите и предлозите дадени во приговорот понуди конкретни образложенија поткрепени со јасни и недвосмислени факти.

Врз основа на сето претходно наведено Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип да го одбие Приговорот на проф. Д-р Сашко Димитров како неоснован и да ги земе во предвид заклучокот и предлогот на Комисијата од Рефератот објавен во Универзитетскиот билтен бр. 377-5 од 17.11.2025 год.

08.12.2025 год. Скопје

Рецензентска комисија:

1. Проф. д-р Петар Симоновски, претседател
Машински факултет Скопје ____________

2. Проф. Д-р Ташко Ризов, член
Машински факултет Скопје ____________

3. Проф. Д-р Никола Аврамов, член
Машински факултет Скопје ____________